9.22. При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците.
Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

9.23. Површините наменети во УПС за движење на пешаци, секаде кадешто тоа е можно според конфигурацијата на теренот, да бидат континуирани без скали и со подолжен наклон од 8,33 %, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

9.24. Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење (Сл.Весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13).

9.25. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

9.26. При разработка на урбанистичките параметри, за тоа што не е регулирано со овие Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.Весник на РМ бр. 78/06).

9.27. Санитарната вода ќе се обезбеди од Регионалниот водоснабдителен систем спрема условите добиени од овластеното комунално претпријатие

Секоја градба или комплекс од градби, за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзе со водоводната мрежа со приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена со сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид на инфраструктура.

За намените Г2-лесна индустрија и Г4-стоваришта задолжителен е комплетен третман на отпадните води од сопствениот технолошки процес, а пречистената отпадна вода не смее да биде со понизок квалитет од класата на реципиентот.

Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал, откако ќе биде извршен третман – пречистување во пречистителна станица, поставена во сопствената парцела.

Доколку за водоснабдување се користат подземните води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на режимот на подземните води.

Како реципиент на пречистените отпадни води е предвидена Кованска река.

9.28. Во градежните парцели наменети за домување во станбени куќи со дефи-нирана површина за градење во која може да се гради една или повеќе градби условена е од просторните можности за организација и уредување на стопански двор.

Покрај куќата за живеење, во стопанскиот двор можат да бидат изградени и уредени простори како што се: летна кујна, гаража, простор за колница, трактор, земјоделски машини, работилница, алатница, дрварница; штала за крупен или ситен добиток, свињарник, кокошарник; остава за храна и други преработки, стог за сено, кош, трап, поило, бунар, чешма; овоштарник, градина, пластеник, ѓубриште и друго.

Во градежните парцели наменети за домување во станбени куќи во кои нема услови за организација на стопански двор, може да се гради само една градба.

9.29 ПОСЕБНИ УСЛОВИ ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ

Согласно Законот за води (Сл.Весник на РМ
бр.87/08,06/09,161/09,83/10,51/11,44/12,23/13 и 163/13) треба да се исполнат следните критериуми:

Со површинските води треба да се управува на начин кој обезбедува:

-Избегнување на активности кои предизвикуваат влошување на состојбата на водните екосистеми;

-Добра состојба на водните тела и на водните екосистеми, како и на екосистемите зависни од вода;

За да се заштитат површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување преку:

-Изградба на сепарациски канализациски систем;

-Изградба на пречистителна станица и испуштање на отпадните води во најблискиот реципиент одкако нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води" и "Уредбата за класификација на водите", (Сл.Весник на РМ бр.18/99).
За заштита на регулираните водотеци треба да се предвиди:

- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопанските објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилноста на одбранбените насипи, да се копа, земја, да се садат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради;
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта;
-Не смее да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за животна средина-сектор за води;
-Не смее да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски отпад, земја, шут, јаловина и др.);
- Не смее да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение;
- Се забранува изградба на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад;
-Не смее да се копаат прокопи и канали по должина на насипот на коритото поблиску од 10м од внатрешната страна и 10м од надворешната страна на ножицата на насипот;
-Изведувањето на регулираните водотеци да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;
- Во крајбрежните земјишта се забранува изградбата на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка , постапување, складирање , отстранување или транспорт на опасни материи и супстанции и цврст или течен отпад ;
- Објектите и постројките коишто во процесот на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанции што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно или индиректно загадување на водите;
-Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.
-Да се вршат и други работи со кои се оштетуваат водостопанските објекти и постројки.

Преминувањето преку водостопанските објекти да биде на определени места без да се блокира природниот тек.

БЛОК 4

БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК ха	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ м2	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО БЛОК
4	25,200.00	Г2-лесна индустрија	20,729.00	82.26%
		Б1-мали комерцијални и деловни намени	402.00	1.60%
		Е1-комунална инфраструктура	4,037.00	16.02%
		Е2-комунална супраструктура ТС	32.00	0.13%

Намена на земјиштето и градбите:

- **Парцелирано градежно земјиште:**

Г2 – лесна индустрија;
Б1 – мали комерцијални и деловни намени;
Е2 - комунална супраструктура;

- **Земјиште за општа употреба:**

Е1 - комунална инфраструктура.

Градежна парцела 4.1, 4.4-4.6

• Намена: Г2 – лесна индустрија со можност за избор на една или повеќе компатибилни класи намени со максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната до 49%, според параметрите дадени во табелата;
• Изградба на нов објект до планираната височина и катност, според параметрите дадени во табелата;
• Максимална дозволена висина на венец и катност според параметрите дадени во табелата;
• За разработка на површината за градење во која може да се градат една или повеќе градби задолжително да се изработи Архитектонско - урбанистички проект според претходно дефинирана проектна програма.
• Паркирањето на потребен број возила да се реши во рамките на градежната парцела;
• Бројот на потребни паркинг места ќе се дефинира со проектана програма во зависност од содржината и потребите на градбата, а ќе се определи согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).
• Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираниот подземен паркинг да се утврдат во согласност со нормативите од член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).
• Отстапување од подземната градежна линија (апроксимативната површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални и атмосферски) води и друго, при разработка на градежната парцела со Архитектонско - урбанистички проект и/или Основен проект.

- Се задолжува инвеститорот да изврши комплетно пречистување на отпадните води од сопствениот технолошки процес

БРОЈ НА ПАРЦЕЛА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СОГЛАСНО ТАБЕЛА 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБ.ПЛАН.	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м1	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА ПО НИВОА	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
4.1	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+2	според АУП (согласно технолошки процес)	14,550	7,055	10,583	0.73	48.49%
4.4	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	2,544	835	1,253	0.49	32.82%
4.5	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	1,524	172	344	0.23	11.29%
4.6	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	2,111	338	676	0.32	16.01%

Градежна парцела 4.2, 4.3

- Намена: Б1 – мали комерцијални и деловни намени
- Изградба на нов објект до планираната височина и катност, според параметрите дадени во табелата;
- Максимална дозволена висина на венец и катност според параметрите дадени во табелата;
- Паркирањето на потребен број возила да се реши во рамките на градежната парцела;
- Бројот на потребни паркинг места ќе се дефинира со проектана програма во зависност од содржината и потребите на градбата, а ќе се определи согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).
- Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираниот подземен паркинг да се утврдат во согласност со нормативите од член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.63/12, 126/12, 19/13).
- Отстапување од подземната градежна линија (апроксимативната површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални и атмосферски) води и друго, при разработка на градежната парцела со Архитектонско - урбанистички проект и/или Основен проект.

БРОЈ НА ПАРЦЕЛА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СОГЛАСНО ТАБЕЛА 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБ.ПЛАН.	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м1	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА ПО НИВОА	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
4.2	Б1-мали комерцијални и деловни намени		П+1	8.00	182	75	150	0.82	41.21%
4.3	Б1-мали комерцијални и деловни намени		П+1	8.00	220	94	188	0.85	42.73%

Градежна парцела 4.7

- Намена: Е2 – трафостаница
- Изградба на нов објект до планираната височина и катност, според параметрите дадени во табелата;
- Максимална дозволена висина на венец и катност според параметрите дадени во табелата;

БРОЈ НА ПАРЦЕЛА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СОГЛАСНО ТАБЕЛА 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБ.ПЛАН.	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м1	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА ПО НИВОА	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
4.7	Е2-трафостаница		П	3.00	32	20	20	0.63	62.50%

БЛОК	БРОЈ НА ПАРЦЕЛА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОЛСКИ ПРИСТАП
4	4.1	Г2-лесна индустрија	ул.Новопланирана 3
	4.2	Б1-мали комерцијални и деловни намени	ул.Новопланирана 6

	4.3	Б1-мали комерцијални и деловни намени	ул.Новопланирана 6
	4.4	Г2-лесна индустрија	ул.Новопланирана 6
	4.5	Г2-лесна индустрија	ул.Новопланирана 6
	4.6	Г2-лесна индустрија	ул.Новопланирана 6
	4.7	Е2-трафостаница	ул.Новопланирана 6

11. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

Табела 1 Поделба на блокови

	НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК ха
УПС ПРДЕЈЦИ	1	5.22
	2	4.65
	3	4.95
	4	2.52
	5	1.15
	6	1.30
	7	1.87
	8	1.27
	9	2.45
	10	2.21
	11	1.71
	12	2.98
	13	0.62
	14	3.12
	15	4.28
	16	3.45
	17	1.00
	18	1.84
	19	1.76
	20	3.74
	21	2.88
	22	1.75
	23	1.19
	24	1.80
	25	2.10
	26	2.80
	27	1.63
	28	1.70
	29	1.08
	30	2.43
ВКУПНО		**71.45**

Табела 2 Нумерички показатели за градежни парцели

	3.6	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	1,635	770	1,155	0.71	47.09%
	3.7	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	3,032	1,805	2,708	0.89	59.53%
	3.8	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	23,015	16,111	24,166	1.05	70.00%
4	4.1	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+2	според АУП (согласно технолошки процес)	14,550	7,055	10,583	0.73	48.49%
	4.2	Б1-мали комерцијални и деловни намени		П+1	8.00	182	75	150	0.82	41.21%
	4.3	Б1-мали комерцијални и деловни намени		П+1	8.00	220	94	188	0.85	42.73%
	4.4	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	2,544	835	1,253	0.49	32.82%
	4.5	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	1,524	172	344	0.23	11.29%
	4.6	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	2,111	338	676	0.32	16.01%
	4.7	Е2-трафостаница		П	3.00	32	20	20	0.63	62.50%
5	5.1	Г4-стоваришта		П	постоечка	737	172	172	0.23	23.34%
	5.2	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	1,285	683	1,025	0.80	53.15%
	5.3	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	1,037	260	520	0.50	25.07%
	5.4	Г4-стоваришта		П	постоечка	5,400	725	725	0.13	13.43%
6	6.1	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+2	според АУП (согласно технолошки процес)	5,770	2,540	3,810	0.66	44.02%
	6.2	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	1,373	815	1,223	0.89	59.36%
	6.3	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	1,910	1,120	1,680	0.88	58.64%
	6.4	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	2,590	1,530	2,295	0.89	59.07%
7	7.1	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+2	според АУП (согласно технолошки процес)	1,145	702	1,053	0.92	61.31%
	7.2	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	1,212	768	1,152	0.95	63.37%
	7.3	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	9,572	6,700	10,051	1.05	70.00%
	7.4	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	2,427	1,487	2,231	0.92	61.27%
	7.5	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+1	според АУП (согласно технолошки процес)	740	392	588	0.79	52.97%
	7.6	Е2-трафостаница		П	3.00	35	24	24	0.69	68.57%
	8.1	Г2-лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 макс.вк.збир 49%	П; П+2	според АУП (согласно технолошки процес)	1,164	580	870	0.75	49.83%

ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ

ПРИМАРНИ УЛИЦИ



МАГИСТРАЛНА УЛИЦА 1
(РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1102)
пресек 1-1

СЕРВИСНИ УЛИЦИ



СЕРВИСНА УЛ. Н1 (пресек 2-2, 3-3, 10-10)
СЕРВИСНА УЛ. Н2 (пресек 4-4, 5-5)
СЕРВИСНА УЛ. Н3 (пресек 6-6, 11-11)
СЕРВИСНА УЛ. Н4 (пресек 7-7, 8-8)
СЕРВИСНА УЛ. Н5 (пресек 9-9)
СЕРВИСНА УЛ. Н6 (пресек 12-12, 13-13)

ИНДУСТРИСКИ УЛИЦИ



ИНДУСТРИСКА УЛ. Н7 (пресек 14-14)
ИНДУСТРИСКА УЛ. Н11 (пресек 18-18)
ИНДУСТРИСКА УЛ. Н12 (пресек 19-19)
ИНДУСТРИСКА УЛ. Н13 (пресек 20-20)
ИНДУСТРИСКА УЛ. Н27 (пресек 41-41)
ИНДУСТРИСКА УЛ. Н28 (пресек 42-42)

СТАНБЕНИ УЛИЦИ

СТАНБЕНА УЛ. Н8 (пресек 15-15)
СТАНБЕНА УЛ. Н9 (пресек 16-16)
СТАНБЕНА УЛ. Н10 (пресек 17-17)
СТАНБЕНА УЛ. Н17 (пресек 25-25, 26-26)
СТАНБЕНА УЛ. Н18 (пресек 27-27, 28-28, 29-29)
СТАНБЕНА УЛ. Н20 (пресек 33-33)



СТАНБЕНА УЛ. Н14 (пресек 21-21)
СТАНБЕНА УЛ. Н15 (пресек 22-22)
СТАНБЕНА УЛ. Н16 (пресек 23-23)
СТАНБЕНА УЛ. Н19 (пресек 30-30, 31-31)
СТАНБЕНА УЛ. Н20 (пресек 32-32)
СТАНБЕНА УЛ. Н21 (пресек 34-34)
СТАНБЕНА УЛ. Н22 (пресек 35-35)
СТАНБЕНА УЛ. Н23 (пресек 36-36)
СТАНБЕНА УЛ. Н24 (пресек 37-37, 38-38)
СТАНБЕНА УЛ. Н25 (пресек 39-39)



СТАНБЕНА УЛ. Н16 (пресек 24-24)

ПРИСТАПНИ УЛИЦИ



ПРИСТАПНА УЛ. Н29 (пресек 43-43, 44-44)
ПРИСТАПНА УЛ. Н30 (пресек 45-45)



ПРИСТАПНА УЛ. Н26 (пресек 40-40)
ПРИСТАПНА УЛ. Н31 (пресек 46-46, 47-47, 48-48)
ПРИСТАПНА УЛ. Н32 (пресек 49-49, 50-50)
ПРИСТАПНА УЛ. Н33 (пресек 51-51)
ПРИСТАПНА УЛ. Н34 (пресек 52-52, 53-53)
ПРИСТАПНА УЛ. Н35 (пресек 54-54)
ПРИСТАПНА УЛ. Н36 (пресек 55-55)
ПРИСТАПНА УЛ. Н37 (пресек 56-56)
ПРИСТАПНА УЛ. Н38 (пресек 57-57)
ПРИСТАПНА УЛ. Н39 (пресек 58-58, 59-59)
ПРИСТАПНА УЛ. Н40 (пресек 60-60)
ПРИСТАПНА УЛ. Н41 (пресек 61-61)
ПРИСТАПНА УЛ. Н42 (пресек 62-62)
ПРИСТАПНА УЛ. Н43 (пресек 63-63)
ПРИСТАПНА УЛ. Н44 (пресек 64-64)

ПЕШАЧКИ УЛИЦИ



(пресек 65-65, 66-66, 67-67)

Табела 3 Биланс на површини во плански опфат

УПС ПРДЕЈЦИ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ м2	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО БЛОК
714,590.00	А1-домување во станбени куќи	388,495.00	54.37%
	Б1-мали комерцијални и деловни дејности	5,228.00	0.73%
	В1-образование и наука	5,725.00	0.80%
	В3-култура	1,392.00	0.19%
	В4-државни институции органи на локална самоуправа	743.00	0.10%
	Г2-лесна индустрија	176,475.00	24.70%
	Г4-стоваришта	8,303.00	1.16%
	Д2-заштитно зеленило	13,655.00	1.91%
	Д3-спорт и рекреација	17,138.00	2.40%
	Д4-меморијални простори	4,630.00	0.65%
	Е1-комунална инфраструктура	91,871.00	12.86%
	Е2-комунална супраструктура ТС	515.00	0.07%
	Е2-железничка станица	420.00	0.06%

ТАЈФААРХИТЕКТИ | WWW.TAJFA.MK

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ПРИЛОГ НА

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2028

ТЕХНИЧКИ БРОЈ **26/18**
Септември, 2019 год.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ПРИЛОГ НА

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ЛОКАЦИЈА: БЛОК 4 ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ПРЕДМЕТ: ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2028

ОДОБРУВА: СОВЕТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ИЗРАБОТУВА: ДРУШТВО ЗА АРХИТЕКТОНСКИ ДЕЈНОСТИ И ИНЖЕНЕРСТВО, ТЕХНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ И АНАЛИЗА “**ТАЈФА АРХИТЕКТИ**” ДООЕЛ КУМАНОВО

КУМАНОВО
А: УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23
Т: 070511131/078472484
Е: lazarevski@tajfa.mk

СКОПЈЕ
А: БУЛ.ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ 17-3/2
Т: 023241130
Е: contact@tajfa.mk

РАБОТЕН ТИМ:

Планер – потписник
м-р **Стефан Лазаревски**, дипл.инж.арх
број на овластување 0.0368

Планери
м-р **Биљана Насковиќ** дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0369

Марија Лазаревска, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0539

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 26/18

УПРАВИТЕЛ: м-р **Стефан Лазаревски**, дипл.инж.арх.

ДАТУМ: **Септември**, 2019 год.

СОДРЖИНА НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1.ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ....4
2.ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА....4
3.ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ....4
3.1.Географски податоци....4
3.2.Релјефни услови, наклон и експозиција на терените....5
3.3.Геотектонски и инженериско-геолошки карактеристики....5
3.4.Сеизмички карактеристики....6
3.5.Климатски и микро-климатстски услови на регионот....6
3.6.Хидрографија и хидрологија....6
3.7.Пејсаж и природни ресурси....7
4.ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ....7
5.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО....7
6.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ....9
7.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА....9
7.1.Хидротехничка инфаструктура....9
7.2.Гасоводна инфаструктура....10
7.3.Електро-енергетска инфаструктура....10
7.4.Телекомуникациска инфаструктура....10
8.АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН....10
9.АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ....10
10.ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ....12
11.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ....13

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат кој е предмет на уредување со оваа Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија – Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028, зафаќа површина од 2,52ха (25.275,13м^2), и неговата местоположба е ограничена на Блок 4 од Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија.

Границата на планскиот опфат е означена со линија која ги поврзува сите прекршни точки кои се дадени табеларно со X и Y координати:

КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ		
	X	Y
1	7626005.7759	4563817.8442
2	7626007.8861	4563837.3584
Лак 10: Испупченост 0.0521 **Центар** X=7625913.9536 Y=4563851.2589 **Радиус** 94.9555 **Почетен агол** 351.5822 **Завршен агол** 3.5129		
3	7626008.7307	4563857.0772
4	7626008.6448	4563872.2823
5	7626006.5541	4563908.1911
6	7626006.4068	4563910.7210
7	7626005.6644	4563914.9783
8	7625972.5514	4563896.5550
9	7625947.4848	4563882.6086
10	7625909.2101	4563860.1367
11	7625877.8936	4563841.5362
12	7625874.7069	4563839.6435
13	7625866.2883	4563834.9175
14	7625867.6913	4563828.4361
15	7625874.8695	4563791.8756
16	7625889.0959	4563719.4168
17	7625901.3569	4563658.4443
18	7625992.7596	4563679.8499
19	7625995.6849	4563695.0516
20	7625996.8090	4563706.3793
21	7625997.7780	4563724.2124
22	7625998.9074	4563744.9635
23	7626001.7560	4563773.8899
24	7626003.6657	4563798.3300

P= 2,52ха (25.275,13м^2)

L=670,6933м

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Планскиот опфат, кој е предмет на уредување со оваа Измена и дополнување на Урбанистички план, бил предмет на планирање и уредување во минатото. Планскиот опфат спаѓа во граници на:

- Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр. 09-1864/1 од 24.07.2015 година)

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие опфаќаат: географска и геопрометна положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

3.1. Географски податоци

Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа во западниот дел на селото Прдејци, опфатен со постојниот Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија и притоа се простира на територијата на една катастарска општина: КО Прдејци.

Општина Гевгелија се наоѓа во најјужниот дел од Република Македонија, на самата граница со Република Грција, на надморска височина од 64 м и на простор од 485 км2. Во општината живеат 22.988 жители, од кои околу 15.685 жители во општинскиот центар Гевгелија.

Низ територијата на општина Гевгелија минува примарната оска на развојот која се протега по Вардарската долина во правец север-југ и претставува дел од коридорот 10. Мошне важна е и пограничната позиција на општина Гевгелија со Република Грција, како и можностите за лоцирање на стопанските капацитети, кои бараат голем транспорт на суровини и готови производи, при што близината на Солунското пристаниште претставува значајна компаративна вредност.
Поволно влијание треба да има новопредвидената идна "хоризонтална" врска - од Битола преку Мариово до Гевгелија, како сообраќаен правец кој ги поврзува источните и западните делови на Република Македонија и кој воедно ги интегрира најзначајните туристички простори.

3.2. Релјефни услови, наклон и експозиција на теренитe

Природната целина на Гевгелиската котлина се протега од северната и јужната страна на македонско - грчката граница. Рељефот е издробен на бројни ридови, чуки и тумби меѓу кои се широките и плитки долини кои гравитираат кон југ. Најниска кота на реката Вардар, кај државната граница, е 45 м.н.в, а највисоката 88 м.н.в. Релативната височина помеѓу овие точки изнесува 43 метри на исправена должина од 26км.

Во просторот на општината како посебни целини се издвојуваат следните наменски содржини:

- Шуми со површина од 28.350 ха;
- Пасишта со површина од 2.652 ха и
- Обработлива површина од 7.800 ха.

Градот Гевгелија лежи во рамниот дел на котлината чии природни граници се: од исток реката Вардар, од југ Сува Река, према запад нема природна граница, рамнината продолжува кон Моин, према север Караорман и Мрзенски рид меѓу кои, низ куса долина, поминува регионалниот пат за Негорци.
Мошне интересна е појавата на три осамени ридови (Динќут, Мрзенски и Вардарскиот Рид) чие потекло е најверојатно ерозивно, но не се исклучени и можните тектонски влијанија. Овие ридови на градот му даваат особени пејсажни вредности и го означуваат неговиот идентитет.
Просечната надморска висина на која лежи градот изнесува помеѓу 53 и 60 м.н.в, што значи дека ридовите се воздигнуваат за по 50 до 100 м од рамницата.

3.3. Геотектонски и инженериско-геолошки карактеристики

Разновидноста на геолошките, рељефните и вегетациските прилики, а посебно влијанието на човекот и на климатските услови дозволуваат да се сретнат повеќе видови на почви.

Територијата на општината се одликува со богатство на различни карпести маси, што значи дека инжинерско - геолошките карактеристики се доста различни и во зависност од литолошкиот состав на стената, тектонската оштетеност и свежина.
Геолошкиот состав е разноврсен и богат така што овозможува експлоатација на минералното благо. Во прв ред, тука се неметалните појави, нарочно на украсен камен во кој спаѓаат: ортофирите, варолатите, мермерите, гранитот, габровите и анфиолитите.
Општина Гевгелија го зазема Долното Повардарие односно Гевгелиската котлина. Просторот се одликува со просторни површини од ридско рамничарските терени, кои се издигаат до околу 600 м.н.в, на кои се развиваат полувијално - делувијални и циментно кафеави почви и планинско подрачје, од 600 - 2000 м.н.в, на кои доминираат кисело - кафеави почви. Во геолошки поглед теренитe се изградени претежно од габро и дијабаз, а делумно од гранити и карбонати.

Гевгелиската котлина е под големо влијание на средоземната клима која, иако, изменета ги нуди сите погодности и можности за развој на општината.

3.4. Сеизмички карактеристики

Теренот на Гевгелиската општина му припаѓа на просторот на Вардарската зона која се одликува со повремена сеизмичка активност.

Сеизмичката динамика на овој епицентрален предел се базира на неговиот тектонски склоп. Во основни потези тој склоп е многу едноставен. Меѓу хорстовите од стари маси (кристалести шкрилци од И група) во облик на своевиден тектонски ров, стеснета е Вардарската зона. Главните нејзини хорстови, од исток се блоковите на Родопската маса, а од запад блоковите на Пелагониската маса. Всушност пред формирањето на Вардарската зона, двете маси представувале една целина - Родопски масив.
Со распаѓањето на овој масив, некои делови (блокови) помеѓу раседите се одвојувале, додека некои делови (блокови) помеѓу нив потонувале и биле засипувани со помлади творевини, создавајќи на тој начин тектонски депресии или ровови. Таков ров претставува и Вардарската зона. Рововите се подложни на разновидни притисоци и оттука на нив се применети разни движења кои повремено се манифестираат со сеизмички појави (земјотреси), од различен тип и интензитет.
Најсилните до сега забележани трусни катастрофи на ова подрачје настанале во 1931 година. По оваа трусна катастофа периодот е релативно мирен, со исклучок на 21.12.1990 година, кога се случи силен земјотрес со магнитуда од МЛ=5.6 по Рихтер, со епицентар 25 км јужно од Гевгелија.

3.5. Климатски и микро-климатстски услови на регионот

Широката отвореност на Вардарската долина, а со неа и на општината Гевгелија, кон Солунската котлина преку долината на Вардар условува силно влијание на медитеранската клима во овој регион. Ова влијание посебно е изразено во котлинскиот дел до 300 м.н.в, а помалку изменето е во ридското подрачје до 600 м.н.в. Планинската клима преовладува само во највисоките делови на Кожуф планина.Вкупен број на сончеви часови во годината изнесува 2392 часа, што може да се спореди со неколку места крај Јадранското море и во Медитеранот воопшто. Просечната годишна температура во Гевгелија изнесува 14,3°C.Најстуден месец во годината е јануари со просечна температура од 3,2°C, а најтопол е јули со просечна темепретаура од 25,7°C.Просечната годишна сума на врнежи изнесува 745,2 мм3. Распоредот на врнежите не е рамномерен, најмногу ги има во есен, а најмалку во лето.Просечниот број на денови со снежни врнежи изнесува 8,3 денови.Просечната влажност на воздухот изнесува 71-72%, во зима 81-82%, а во лето се спушта до 56%. Маглите во просторот на општината се ретка појава. Просечниот број на денови со магла изнесува 16,4. Маглите се јавуваат во есенските и зимските месеци, а најизразени се во декември со 3,3 денови. Најизразени се ветровите Вардарец и Југ. Вардарецот се јавува од северен, а југ од југоисточен правец.

3.6. Хидрографија и хидрологија

Подрачјето на општината Гевгелија се простира на дел од сливот на долниот тек на реката Вардар која претставува најзначаен водотек кој ги дренира површинските и подземните води. Поголеми водотеци кои се вливаат во реката Вардар се Сува, Коњска, Мрзенска, Кованска, Зуица, Петрушка и Јаворица река. Притоките на Вардар се релативно маловодни поради што некои од нив преку летото пресушуваат. Територијата на општината покажува оскудност на изворски и подземни води. Просечната

издашност на изворите се движи од 1 до 3 л/сек а извори со поголема издашност не се забележани. Во хидрографската структура влегуваат и акумулациите во Богородица, Топлец, Дос, Калица и други. Општината располага со богати извори на минерална и термоминерална вода. Еден од најпознатите извори на минерална вода се наоѓа на туристичкиот локалитет Смрдлива вода. Додека кај Негорските бањи и во близината на селото Смоквица се наоѓаат богати извори на термоминерална вода.

Во Негорската бања постојат два природни хипертермални извори, со температури од 41°C и 36°C, како и термоминерално блатиште со температура од 400C.Во долината на Конска Река се јавуваат минерални извори кај Смрдлива вода со издашност од 0,2 л/с, температура 110C и Кисела Вода со издашност од 1 л/с и температура од 4°C.Геопрометната положба на општината, низ која минува најфреквентната сообраќајница во Република Македонија, магистралниот пат Е-75 или Коридорот 10, претставуваат важен фактор за локалниот економски развој, посебно, на транзитниот туризам, во кој централно место зазема градот Гевгелија и граничниот премин Богородица.

3.7. Пејсаж и природни ресурси

Под влијание на медитеранската клима во општина Гевгелија се јавува оваа ксеротермална заедница на прнарот, во која земаат учество бројни медитерански видови. Во вертикален поглед, над прнарот се јавува дабот благун, а над него шумата ја претставуваат три појаси на букови шуми, познати како подгорски, горски и субалпски, а во нив е присутна и елата. Пејсажот по долината на Вардар е типично аграрен, во кој можат да се издвојат просторни и пејсажни вредности кои внесуваат мир и питомост на пејсажот.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

Во рамките на планскиот опфат, предмет на разработка со оваа Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија, нема изградено никакви постојни објекти.

Сообраќајната и комунална инфраструктура се карактеризира со низок степен на реализација. Имено, во рамки на планскиот опфат и во негова непосредна близина, изведен е постоен подземен среднонапонски кабелски вод, подземен среднонапонски 35кВ кабелски вод, постоен бакарен (тк) кабел, постоен оптички кабел како и постоен 110кв далновод. Долж источната граница на планскиот опфат, поминува Регионален пат Р1102 (Р-103), со кој е овозможен пристап до предметната локација. Истиот е изведен со променлива регулациона широчина. Во важечкиот Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија регионалниот пат е планиран како како Магистрална улица 1.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО

Врз основа на извршена посета на терен како и анализа на ажурираната геодетска подлога (изработена од Трговско друштво за геодетски работи „ГЕО ПРИЗМА“ ДООЕЛ, Гевгелија, со дел. бр.0801-291/5 од 26.11.2018 година) направена е инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, земјиштето и вкупната физичка супраструктура. Соодветно на тоа, изработена е табела во која е прикажана целокупната изграденост на теренот, состојбата, видот и степенот на изграденост на секоја катастарска парцела во рамките на планскиот опфат.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ – ПОСТОЈНА СОСТОЈБА										
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА						ПЛАНСКИ ОПФАТ _2,52ха (25.275,13м2)				
Број на катастарска парцела	Број на градба	Класа на намена	Намена	Состојба	Тип на градба	Катност	Површина на катастарска Парцела (м²)	Изградена површина (м²)	Бруто развиена површина (м²)	Процент на изграденост (%)
дел од 1207/3	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	184,07	/	/	/
дел од 1207/5	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	2558,91	/	/	/
дел од 1207/2	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	1616,99	/	/	/
дел од 1207/4	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	2704,13	/	/	/
1207/1	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	1959,33	/	/	/
дел од 1207/6	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	144,75	/	/	/
1205/1	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	3173,5	/	/	/
1205/2	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	1103,1	/	/	/
1205/3	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	2073,71	/	/	/
1205/4	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	673,45	/	/	/
1205/5	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	1438,95	/	/	/
дел од 1206/1	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	77,82	/	/	/
дел од 1206/2	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	163,89	/	/	/
1206/3	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	57,9	/	/	/
дел од 1203/1	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	200,51	/	/	/
1203/2	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	160,6	/	/	/
дел од 1201	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	409,46	/	/	/
дел од 1202	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	424,92	/	/	/
1204/3	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	3336,33	/	/	/
1204/1	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	119,29	/	/	/
1204/2	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	25,18	/	/	/
дел од 1200/1	/	/	Канал/зем. под води	/	/	/	351,93	/	/	/
дел од 1202/2	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	83,91	/	/	/

2476/5	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	489,48	/	/	/
дел од 2476/1	/	E1	улица	/	/	/	1522,94	/	/	/

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ

По писменото обраќање до Управа за заштита на културно наследство при Министерството за култура, за предметниот проектен опфат писмо бр.03-215/1 од 05.11.2018 година не е добиен повратен одговор.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Планскиот опфат, предмет на разработка на оваа Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија се карактеризира со среден степен на изграденост на комунална инфраструктура: водоводната, атмосферска, фекалната, електро-енергетска и телекомуникациската мрежа.

7.1. Хидротехничка инфаструктура

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од ЈПКД Комуналец - Гевгелија за постоење на хидро-техничка инфаструктура во границите на планскиот опфат но не е добиен повратен одговор.

Согласно член 32, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) доколку органите на државна управа и други субјекти не достават податоци и информации до изработувачот на урбанистичко-проектната документација, „*се смета дека не располагаат со баранит*е *податоци и информации, при што евентуалните идни штети настанати поради недоставување на податоците и информациите ќе бидат на товар на субјектите кои не ги доставиле потребните податоци и информации, односно не одговориле на барањето.*“

Информации за постојна и планирана хидротехничка инфраструктура се преземени од важечкиот Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија, Плански период 2013-2023, (Одлука бр. 09-1864/1 од 24.07.2015 год.), и согласно истиот во рамките на предметниот плански опфат или во негова непосредна близина има постојна односно планирана е следната инфраструктура:

- постојна водоводна мрежа Ø150 долж планираната сервисна улица "Н3", на јужниот дел од опфатот и постојна водоводна мрежа Ø50 долж планираната магистрална улица "М1", на источниот дел од опфатот;
- планирана водоводна мрежа Ø100 долж планираната магистрална улица "М1" на источниот дел од опфатот и планираната сервисна улица "Н6", на западниот и северниот дел од опфатот;
- планирана фекална канализација Ø250 долж планираната магистрална улица "М1" на источниот дел од опфатот, планираната сервисна улица "Н6", на западниот и северниот дел од опфатот и планираната сервисна улица "Н3", на јужниот дел од опфатот.
- планирана атмосферска канализација Ø300, долж планираната сервисна улица "Н6", на западниот и северниот дел од опфатот, Ø400 долж планираната сервисна улица "Н3", на јужниот дел од опфатот и Ø600 долж планираната магистрална улица "М1" на источниот дел од опфатот.

Со писмен допис бр. 03-25/4 од 22.03.2019 година, побарани се податоци и информации од АД Водостопанство на РСМ - Скопје за постоење на постојни и планирани објекти и инсталации во надлежност на претпријатието во границите на планскиот опфат, и добиен е повратен одговор бр. 11-1025/2 од 19.04.2019 година, во кој е наведено дека во рамки на предметниот опфат постои систем за наводнување, соодветно прикажан во графичките прилози.

7.2. Гасоводна инфаструктура

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од ГА-МА АД – Скопје, и добиен е одговор (без деловоден број), во кој е наведено дека во рамките на предметниот плански опфат или во негова непосредна близина нема траса на планиран и изведен гасовод.

7.3. Електро-енергетска инфаструктура

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од ЕВН Македонија АД Скопје, КЕЦ Гевгелија, и добиен е повратен одговор писмо бр.11-1622/2 од 16.11.2018 година, во кое е наведено дека во рамките на предметниот плански опфат како и во неговата непосредна близина има инсталации во сопственост на претпријатието и тоа:

- постоен среднонапонски кабелски вод како и постоен среднонапонски 35кв кабелски вод, на начин прикажан во графичките прилози.

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од АД МЕПСО – Скопје, и добиен е повратен одговор писмо бр. 02-8388/1 од 08.11.2018 година, во кое е наведено дека предметниот плански опфат се вкрстува со постоен 110кв далновод во сопственост на претпријатието, на начин прикажан во графичките прилози.

7.4. Телекомуникациска инфаструктура

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од Македонски Телеком АД Скопје, и добиен е повратен одговор писмо бр.760316/2 од 14.11.2018 година, во кое е наведено дека во рамките на предметниот плански опфат како и во неговата непосредна близина има инсталации во сопственост на претпријатието и тоа:

- постоен бакарен (тк) кабел, на начин прикажан во графичките прилози;
- постоен оптички кабел, на начин прикажан во графичките прилози;

Дополнително, согласно известување од Агенцијата за електронски комуникации, бр.1404-3355/2 од 12.11.2018 година, во рамките на предметниот плански опфат има:

- постоен бакарен (тк) кабел, на начин прикажан во графичките прилози;
- постоен оптички кабел, на начин прикажан во графичките прилози;

8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Планскиот опфат, предмет на разработка на оваа Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија, бил предмет на планирање и разработка во минатото. Планскиот опфат е ограничен на Блок 4 од Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, односно спаѓа во границите на Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, Плански период 2013-2023, (Одлука бр. 09-1864/1 од 24.07.2015 год.).

Споредбата на важечкиот Урбанистички план за село како и увидот на терен, анализата на ажурираната геодетска подлога и добиените податоци и информации од јавните комунални претпријатија, приватните комунални компании и другите субјекти на државна управа може да се заклучи дека на подрачјето на планскиот опфат планираната комунална инфраструктура, супраструктура, како и планираната физичка структура е значително реализирана.

Соодветно на тоа планскиот опфат се карактеризира со среден степен на урбанизација произлезена од важечкиот урбанистички план за село.

9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Планскиот опфат, предмет на разработка на оваа Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија се наоѓа во градежниот реон на село Прдејци, општина Гевгелија, кој е покриен со важечкиот Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија, Плански период 2013-2023.

Од анализата на постојната состојба се согледува дека:

- нема реализирани постојни градби;
- уличната мрежа е само делумно оформена, и не е реализирана со планираните улични профили;
- низок процент на изграденост на просторот;
- низок коефициент на искористеност на просторот;
- потребна е во голема мера примена на санациони мерки;
- замена и осовременување на инфраструктурните системи и тоа:
    - сообраќајна инфраструктура
    - изградба на фекална канализација
    - изградба на атмосферска канализација

Анализата на можностите за просторен развој го условува планирањето кое треба да биде сегментирано и базирано врз:

- приоритети и потреби;
- корелативни повеќедисциплински меѓусебни условености;
- комплементарност;
- економска исплатливост.

Во дефинирање на планскиот концепт важни се следните критериуми исцрпени од анализата на просторот:

- Изградба на сообраќајната мрежа согласно планираните улични профили, како и подолжен и надолжен нивелман;
- Рационално планирање на земјиштето со утврдување големина на градежни парцели, кои ќе бидат рационални и кои ќе одговараат на потребите на пазарот;
- Задоволување на современите норми за живеење и работа во рамките на важечките норми за урбанистичкото планирање;
- Условување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап до секоја градба;
- Условување на пешачкото движење во функција на инвалидизирани лица, без бариери;
- Условување на потребите за паркирање да се решаваат во сопствените парцели,
- Задоволување на потребите од енергија (електроенергија и гас како енергент за затоплување) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Поврзување на секоја градба на инфраструктурната мрежа за телекомуникациски услуги;
- Задоволување на потребите од водоснабдување (санитарна и техничка вода за поливање и противпожар) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Адекватно и рационално прифаќање на отпадните води (фекални и атмосферски одделно) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;

Поради ова потребно е да се пристапи кон изготвување на планска документација: Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија – Блок 4, општина Гевгелија, со доследна примена на актуелната законска и под-законска регулатива, како и развој што ќе овозможи разрешување на увидените проблеми.

10. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

Врз основа на член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) испратено е барање за достава на податоци и информации, вклучително и проектни решенија за соодветни инфраструктурни инсталации до релевантните органи на државна управа и други субјекти, бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година. Освен погоре-опишаните податоци и информации, наведени се и следните барања од различните субјекти.

Јавно претпријатие за државни патишта

Согласно известувањето добиено од Јавно претпријатие за државни патишта бр. 10-11756/2 од 16.11.2018 година, побарано е во понатамошните активности да се запази ширината на заштитниот појас на магистралниот пат (автопат) А1 (М-1) и на регионалниот пат Р1102 (Р-103) согласно член 40 во Законот за јавни патишта (СЛ. Весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Македонски Телеком АД-Скопје

Согласно известувањето добиено од Македонски Телеком АД – Скопје во писмото бр. 760316/2 од 14.11.2018 година, треба да се предвиди коридор за поставување на кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на постојните и новопланираните објекти од страна на пристапните улици (во тротоарите или друга јавна површина), а во согласност со Правилникот за начин на изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства, а при тоа имајќи ја во предвид постојната кабелска комуникациска мрежа.

АД МЕПСО

Согласно известувањето од АД МЕПСО бр. 02-8388/1 од 08.11.2018 година, наведено е дека при изработка на Урбанистичкиот план да се запази сигурносната зона на далекуводите која изнесува 12м лево и десно од осовината на далекуводот и да се почитува гл.XI, член 203-204 од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ бр. 96/18). Исто така, наведено е дека евентуална промена на постојниот 110кв ДВ-от треба да биде одобрена од страна на АД МЕПСО, при што сите трошоци кои би произлегле од тоа ќе паднат на трошок на инвеститорот.

Агенција за цивилно воздухопловство

Согласно податоците и информациите добиени од Агенцијата за цивилно воздухопловство, бр. 12-11/284 од 05.11.2018 год., се напоменува дека доколку во планскиот опфат се планира изградба на:

- издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м,
- оцаци со височина поголема од 30м,
- ветерници,
- други објекти со височина поголема од 100м,

  потребно е да се достави соодветна проектна документација со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став 2 од Законот за воздухопловство.

11. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Планскиот опфат, предмет на разработка на оваа Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија се карактеризира со следната физичка структура и комунална супра и инфраструктура:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ – ПОСТОЈНА СОСТОЈБА										
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА						ПЛАНСКИ ОПФАТ _2,52ха (25.275,13м2)				
Број на катастарска парцела	Број на градба	Класа на намена	Намена	Состојба	Тип на градба	Катност	Површина на катастарска Парцела (м²)	Изградена површина (м²)	Бруто развиена површина (м²)	Процент на изграденост (%)
дел од 1207/3	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	184,07	/	/	/
дел од 1207/5	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	2558,91	/	/	/
дел од 1207/2	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	1616,99	/	/	/
дел од 1207/4	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	2704,13	/	/	/
1207/1	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	1959,33	/	/	/
дел од 1207/6	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	144,75	/	/	/
1205/1	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	3173,5	/	/	/
1205/2	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	1103,1	/	/	/
1205/3	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	2073,71	/	/	/
1205/4	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	673,45	/	/	/
1205/5	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	1438,95	/	/	/
дел од 1206/1	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	77,82	/	/	/
дел од 1206/2	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	163,89	/	/	/
1206/3	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	57,9	/	/	/
дел од 1203/1	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	200,51	/	/	/
1203/2	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	160,6	/	/	/
дел од 1201	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	409,46	/	/	/
дел од 1202	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	424,92	/	/	/
1204/3	/	/	неизградено земјиште	/	/	/	3336,33	/	/	/
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- 68,94 — ВИСИНСКИ КОТИ
- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- КАНАЛ - ЗЕМЈИШТЕ ПОД ВОДИ

M=1:1000
0 10 20 40 60 80 100м



ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ
УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23, 1300 КУМАНОВО
www.tajfa.mk | contact@tajfa.mk

УПРАВИТЕЛ:
м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа

ЛИЦЕНЦА БР: **0055**
ТЕХ.БР: **26/18**
ДАТУМ: **06.2021**
РАЗМЕР: **1/1000**

ЛОКАЦИЈА: **СЕЛО ПРДЕЈЦИ**
ПЛАНСКИ ОПФАТ: **БЛОК 4 ОД УПС ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
МЕСТО: **ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК: **м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа** 0.0368
ПЛАНЕРИ: **м-р БИЉАНА НАСКОВИЌ, диа** 0.0369
БИЛЈАНА ХРИСТОМАНОВА, диа 0.0428
СОРАБОТНИЦИ: м– р **ТОМАИДА ДИМИТРОВСКА**, диа
м– р **ЉУБИЦА ЕФТИМОВА**, диа

НАЗИВ НА ПЛАНОТ:
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2028

ОДОБРУВАЧ НА ПЛАНОТ:
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ПРИЛОГ:
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
- Документациона основа-

У

03

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2028

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

-Документациона основа -



КЛАСА НА НАМЕНИ:

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајна инфраструктура

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=**2,52ха** (25.275,13м²)
- 1025/3 — БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- 68.94 — ВИСИНСКИ КОТИ

ПОСТОЈНИ ИНСТАЛАЦИИ
- ПОСТОЕН БАКАРЕН (ТК) КАБЕЛ
- ПОСТОЕН ОПТИЧКИ КАБЕЛ
- ПОСТОЕН 110кВ ДАЛНОВОД
- ПОСТОЕН ПОДЗЕМЕН СРЕДНОНАПОНСКИ КАБЕЛСКИ ВОД
- ПОСТОЕН ПОДЗЕМЕН СРЕДНОНАПОНСКИ 35kV КАБЕЛСКИ ВОД

ИНСТАЛАЦИИ НА ВОДОСТОПАНСТВО (СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ)
- DC-2,3,5,6/GC-2
- DC-4/GC-2
- DC-1.1/GC-2
- DC-2/GC-2
- RM 1/ RM2
- H217



M=1:1000

0 10 20 40 60 80 100м

ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ
УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23, 1300 КУМАНОВО
www.tajfa.mk | contact@tajfa.mk

ТАЈФААРХИТЕКТИ WWW.TAJFA.MK

УПРАВИТЕЛ:
м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа

ЛИЦЕНЦА БР.**0055**
ТЕХ.БР. **26/18**
ДАТУМ: **06.2021**
РАЗМЕР: **1/1000**

ЛОКАЦИЈА: **СЕЛО ПРДЕЈЦИ**
ПЛАНСКИ ОПФАТ: **БЛОК 4 ОД УПС ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
МЕСТО: **ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК:	**м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа**	**0.0368**
ПЛАНЕРИ:	**м-р БИЉАНА НАСКОВИЌ, диа**	**0.0369**
	БИЉАНА ХРИСТОМАНОВА, диа	**0.0428**
СОРАБОТНИЦИ:	**м– р ТОМАИДА ДИМИТРОВСКА, диа**	
	м– р ЉУБИЦА ЕФТИМОВА, диа	

НАЗИВ НА ПЛАНОТ:
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2028

ОДОБРУВАЧ НА ПЛАНОТ:
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ПРИЛОГ:
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- Документациона основа-

У

04

ТАЈФААРХИТЕКТИ | WWW.TAJFA.MK

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ГЕВГЕЛИЈА

ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2028

ТЕХНИЧКИ БРОЈ **26/18**
06.2021 год.

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2028

ЛОКАЦИЈА: БЛОК 4 ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ПРЕДМЕТ: ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА , ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2028

ОДОБРУВА: СОВЕТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ИЗРАБОТУВА: ДРУШТВО ЗА АРХИТЕКТОНСКИ ДЕЈНОСТИ И ИНЖЕНЕРСТВО, ТЕХНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ И АНАЛИЗА "**ТАЈФА АРХИТЕКТИ**" ДООЕЛ КУМАНОВО

КУМАНОВО
А: УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23
Т: 070511131/078472484
Е: lazarevski@tajfa.mk

СКОПЈЕ
А: БУЛ.ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ 17-3/2
Т: 023241130
Е: contact@tajfa.mk

РАБОТЕН ТИМ:

Планер – потписник
м-р **Стефан Лазаревски**, дипл.инж.арх
број на овластување 0.0368

Планери
м-р **Биљана Насковиќ** дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0369

Билјана Христоманова, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0428

Соработници
м-р **Томаида Димитровска** дипл.инж.арх.

м-р **Љубица Ефтимова** дипл.инж.арх.

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 26/18

УПРАВИТЕЛ: м-р **Стефан Лазаревски**, дипл.инж.арх.

ДАТУМ: 06.2021 год.

СОДРЖИНА НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД.....5
2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТ ОПФАТ.....6
2.1. Парцелирано градежно земјиште.....6
2.2. Непарцелирано градежно земјиште.....10
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА И НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА.....11
3.1. Плански опфат.....11
3.2. Блокови.....12
3.3. Регулациона линија.....12
3.4. Граница на градежна парцела.....12
3.5. Градежни парцели.....12
3.6. Намена на земјиште.....12
3.7. Градежни линии и помошни градежни линии.....13
3.8. Површини за градење.....14
3.9. Максимална височина на градбите.....14
3.10. Процент на изграденост.....15
3.11. Коефициент на искористеност.....15
3.12. Комунална инфраструктура – сообраќајна инфраструктура.....16
3.12.1 Динамички сообраќај.....16
3.12.2 Стационарен сообраќај.....17
3.12.3 Нивелмански план.....18
3.13. Комунална инсталациона мрежа.....18
3.13.1 Водовод и водостопански инфраструктури.....18
3.13.2 Фекална канализациона мрежа.....19
3.13.3 Атмосферска канализациона мрежа.....20
3.13.4 Електро-енергетска инфаструктура и објекти.....21
3.13.5 Улично осветлување.....21
3.13.6 Телекомуникациска инфраструктура и објекти.....22
3.13.7 Гасоводна инфраструктура.....22
3.14. Хортикултура и партер.....22
3.15. Елементи на обликување на градбите во градежните парцели.....23
3.16. Економско образложение на планските решенија.....23
3.16.1 Економска матрица на Урбанистичкиот план.....24
4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА.....26
4.1. Мерки за заштита на културното наследство.....26
4.2. Мерки за заштита на животна средина.....26
4.3. Заштита на почвата и подземните води.....28
4.4. Заштита од бучава.....30
4.5. Заштита на воздухот.....30
4.6. Управување со отпадот.....31
4.7. Мерки за заштита и спасување.....31
4.8. Урбанистичко-технички мерки.....33
4.8.1 Засолнување.....33
4.8.2 Заштита и спасување од поплави.....33
4.8.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи.....34
4.8.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства.....36
4.8.5 Заштита и спасување од урнатини.....36
4.8.6 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи.....37
4.8.7 Спасување од сообраќајни несреќи.....37
4.9. Хуманитарни мерки.....38
4.9.1 Евакуација.....38
4.9.2 Згрижување на настрадано и загрозено население.....38
4.9.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита.....38
4.9.4 Прва медицинска помош.....38
4.9.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло.....39

4.9.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло....39
4.9.7 Асанација на теренот....39
5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ....39
5.1. Плански опфат....40
5.2. Блокови....40
5.3. Регулациона линија....40
5.4. Граница на градежна парцела....40
5.5. Градежни парцели....40
5.6. Намена на земјиште....41
5.7. Градежни линии и помошни градежни линии....42
5.8. Површини за градење....43
5.9. Максимална височина на градбите....44
5.10. Процент на изграденост....45
5.11. Коефициент на искористеност....46
5.12. Сообраќајна инфраструктура....46
5.12.1 Динамички сообраќај....46
5.12.2 Стационарен сообраќај....47
5.12.3 Нивелмански план....47
5.13. Услови за движење на инвалидизирани лица....47
5.14. Зеленило....48
5.15. Водовод и канализација....48
5.16. Електро-дистрибутивна и телефонска инфраструктура....48
5.17. Гасоводна инфраструктура....49
5.18. Елементи на обликување на градбите во градежните парцели....49
5.19. Мерки за заштита и спасување....49
5.20. Заштита на културно наследство....50
5.21. Заштита на животна средина....50
5.22. Преодни одредби....51
6. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ....52
7. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ....55
8. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА БЛОК 4 ОД УПС ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ, ГЕВГЕЛИЈА....73
8.1. Билансни показатели....74
8.2. Споредбени биланси....75

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Урбанистички план со која се уредува предметниот плански опфат е Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 Прдејци, општина Гевгелија – Блок 4, општина Гевгелија. Истиот се изработува врз на одобрена Планска програма од Градоначалник на општина Гевгелија, со Потврда за заверка на планската програма бр.11-1235/3 од 20.11.2018 година (и Предлог за одобрување на планската програма, бр.11-1235/2 од 19.11.2018 година), а во согласност со Член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и со содржина согласно Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план, формата, содржината и начинот на обрбаотка на урбанистичко-планските документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржина, формата и начинонот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр.142/15). При изработката на Измената и дополнувањето на урбанистичкиот план за село земени се во предвид измените на цитираната законска регулатива во периодот по одобрувањето на Планската програма.

Границата на планскиот опфат е ограничена на Блок 4 од Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) и се движи по осовините на улиците:

- на исток улица "М 1" (Регионален пат 1102),
- на запад улица "Н 6",
- на југ улица "Н 6",
- на север улица "Н 3".

Вака утврдениот плански опфат има површина од 2,52ха (25.275,13м^2). Границата на планскиот опфат се движи по осовините на наведените улици и истата е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 24 и кои се дадени табеларно со X и Y координати:

КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ		
	X	Y
1	7626005.7759	4563817.8442
2	7626007.8861	4563837.3584
Лак 10: Испупченост 0.0521 Центар X=7625913.9536 Y=4563851.2589 Радиус 94.9555 Почетен агол 351.5822 Завршен агол 3.5129		
3	7626008.7307	4563857.0772
4	7626008.6448	4563872.2823
5	7626006.5541	4563908.1911
6	7626006.4068	4563910.7210
7	7626005.6644	4563914.9783
8	7625972.5514	4563896.5550
9	7625947.4848	4563882.6086
10	7625909.2101	4563860.1367
11	7625877.8936	4563841.5362
12	7625874.7069	4563839.6435
13	7625866.2883	4563834.9175
14	7625867.6913	4563828.4361
15	7625874.8695	4563791.8756
16	7625889.0959	4563719.4168
17	7625901.3569	4563658.4443
18	7625992.7596	4563679.8499
19	7625995.6849	4563695.0516
20	7625996.8090	4563706.3793
21	7625997.7780	4563724.2124
22	7625998.9074	4563744.9635
23	7626001.7560	4563773.8899
24	7626003.6657	4563798.3300

P= 2,52ха (25.275,13м^2)

L=670,6933м

Изменатa и дополнувањето на урбанистички план за село блок 4, се изработува за планскиот период 2018-2023 година.

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТ ОПФАТ

Планскиот концепт е изработен согласно со усвоената Планска програма, податоците и информациите добиени при анализите на предметниот плански опфат, дадени во Документационата основа, а условен од мерките за заштита на животната средина и природата, заштита на културното наследство и заштитата и спасувањето.
Основна цел на оваа Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 е преку:

- рационално уредување и искористување на просторот;
- подигнување на хуманоста во просторот и надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;
- оддржлив развој;
- заштита и унапредување на животната средина и природата;
- заштита на недвижното културно наследство;
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии (заштита и спасување);
- јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите;
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето и
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот;

да го преиспита предметниот простор и да ги дефинира условите за градење во рамките на предметниот плански опфат со дефинирање на градежни парцели, дефинирање на основни класи на намена, како и дефинирање на архитектонско - урбанистичките параметри за реализација на планираните градби и усогласување на досега превземените и идните планерски активности, со евидентирање на постојните – создадените вредности и примена на важечка законска легислатива од областа на просторното и урбанистичкото планирање.
Со Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) земјиштето во планскиот опфат добило статус на градежно земјиште и истото во примарната поделба било поделено на:

- **парцелирано градежно земјиште за поединечно градење и употреба и**
- **непарцелирано градежно земјиште за општа употреба.**

2.1. Парцелирано градежно земјиште

Во планската документација на Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) согласно системот на класи на намена, како инструмент на урбанистичкото планирање, со кој се врши класификација на дејностите и активностите во рамките на планскиот опфат на урбанистичкиот план, определени се следните групи на класи на намени:

- **А - Домување;**
- **Б - Комерцијални и деловни намени;**
- **В - Јавни институции;**
- **Г – Производство, дистрибуција и сервиси**
- **Д - Зеленило и рекреација;**

- **Е - Инфраструктура.**

со следните основни **класи на намени:**

- А1- Домување во станбени куќи;
- Б1- Мали комерцијални и деловни намени;
- В1 - Образование и наука;
- В3 - Култура;
- В4 - Државни институции;
- Г2 – лесна и незагадувачка индустрија;
- Г4 – Стоваришта;
- Д2 - Заштитно зеленило;
- Д3 - Спорт и рекреацила;
- Д4 - Меморјални простори;
- Е1 - Комунална инфраструктура;
- Е2 - Комунална супраструктура.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4, основните класи на намена се дефинирани во согласност со член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и е утврдена како:

Комерцијални и деловни намени - група на класа на намени Б:

- Мали комерицјални и деловни намени - основна класа на намена Б1;

Производство, дистрибуција и сервиси - група на класа на намени Г:

- Лесна и незагадувачка индустрија - основна класа на намена Г2;

Инфраструктура - група на класа на намени Е:

- Комунална инфраструктура - основна класа на намена **Е1;**
- Комунална супраструктура (трафостаница) - основна класа на намена **Е2;**
- Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со услужен центар) - основна класа на намена **Е2;**

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, основната класа на намени Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **А1 – Домување во станбени куќи** до максимално 20%,
- **А3 – Групно домување** до максимално 20%,
- **Б4 – Деловни простори** до максимално 20%,

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 40%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Основната класа на намени Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 30%,
- **Б2 – Големи трговски единици** до максимално 30%,
- **Б4 – Деловни простории** до максимално 10%,
- **В2 – Здравство и социјална заштита** до максимално 5%,
- **Д2 – Заштитно зеленило** до максимално 30%,

- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 30%,
- **Д4 – Меморијални простори** до максимално 30%,
- **Г3 – Сервиси** до максимално 30%,
- **Г4 – Стоваришта** до максимално 30%,

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 49%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
За Основната класа на намена Е1 – комунална инфраструктура и Е2 – комунална супраструктура, во рамките на планскиот опфат, предмет на оваа Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, не се предвидува компатибилна класа на намена.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4, а во согласност со важечкиот Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година), на парцелираното градежно земјиште во предметниот плански опфат се редефинираат претходно дефинираните градежни парцели и градежни површини, при што се задржуваат предходно дефинираните 7 градежни парцели, од кои се менува намената на една градежна парцела од основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во основна класа на намена Е2 - Комунална супраструктура.
На тој начин со предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 дефинирани се вкупно 7 градежни парцели со вкупна површина од 21.273,80м^2 (2,13ха) организирани во еден блок (Блок 4). Во рамките на овие градежни парцели, предвидени се површини за градба со вкупно 9.488,30м^2 (0,95ха) и бруто развиена површина 26.378,60м^2 (2,64ха).

Дистрибуцијата на парцелираното градежно земјиште под различните основни класи на намена е дадено во табелата, подолу:

Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА					
	Површина под градежни парцели (м^2)	Дел од плански опфат со дадена наменска зона (м^2)	Површина за градба (м^2)	Развиена површина за градба (м^2)	Процент на учество на градежните парцели во планскиот опфат (%)
Б1 – мали комерцијални и деловни намени	**427,31**	**427,31**	**176,36**	**352,72**	**1,69**
Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија	**6230,81**	**6230,81**	**2001,96**	**6005,88**	**24,65**
Е2 – комунална супраструктура	**14615,69**	**14615,69**	**7309,98**	**20020,00**	**57,83**
	21.273,81	**21.273,81**	**9.488,30**	**26.378,60**	**84,17**

Табела 2.1
Површина на плански опфат: **25.275,13м^2**

Како резултат на оваа измена, редефинирани се и збирните нумерички податоци за планскиот опфат на цело село Прдејци, и истите се дадени во табелите подолу:

УПС ПРДЕЈЦИ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ м2	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО БЛОК (%)
714590,00	А1 – домување во станбени куќи	388495,00	54,37
	Б1 – мали комерцијални и деловни намени	5228,00	0,73
	В1 – образование и наука	5725,00	0,80
	В3 – култура	1392,00	0,19
	В4 – државни институции/органи на локална самоуправа	743,00	0,10
	Г2 – лесна и незагадувачка индустрија	161895,42	22,66
	Г4 – стоваришта	8303,00	1,16
	Д2 – заштитно зеленило	13655,00	1,91
	Д3 – спорт и рекреација	17138,00	2,40
	Д4 – меморијални простори	4630,00	0,65
	Е1 – комунална инфраструктура	91871,00	12,86
	Е2 – комунална супраструктура	15094,58	2,11
	Е2 – железничка станица	420,00	0,06

Со предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 не се менуваат другите плански одредби и решенија на важечкиот Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) и соодветно на тоа, дистрибуцијата на блокови е задржана идентична со важечкиот план, додека површината на блоковите е уточнета врз основа на податоците добиени од Агенцијата за Катастар на Недвижности по извршената тополошка контрола на усогласеност на планот со подлогите на агенцијата. Соодветно на тоа, нумеричките показатели за површините на блоковите се дадени подолу:

СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСИ НА ПОВРШИНА НА БЛОКОВИ		
НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК	УПС ПРДЕЈЦИ	ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПС ПРДЕЈЦИ
1	5,22	5,22
2	4,65	4,65
3	4,95	4,96
4	2,52	2,53
5	1,15	1,16
6	1,30	1,30
7	1,87	1,87
8	1,27	1,26
9	2,45	2,45
10	2,21	2,21
11	1,71	1,72
12	2,98	2,98
13	0,62	0,62
14	3,12	3,11
15	4,28	4,27
16	3,45	3,43
17	1,00	0,99
18	1,84	1,85
19	1,76	1,77
20	3,74	3,75
21	2,88	2,86
22	1,75	1,74
23	1,19	1,22
24	1,80	1,80
25	2,10	2,10
26	2,80	2,79
27	1,63	1,62
28	1,70	1,71
29	1,08	1,08
30	2,43	2,43
ВКУПНО	**71,45**	**71,45**

Поради значењето на овој простор, можностите за порационална искористеност на земјиштето, предвидени се висини кои соодејствуваат со урбаната матрица, уличните фронтови и местоположбата на локалитетот, а се во склад со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Планираните висини на градбите се усогласени со одредбите во УПС, како и со висините утврдени на ниво на наменска зона во дадениот блок, што допринесува за оформување на изедначен завршен венец на планираните објекти и јасен урбан идентитет. Притоа сите висина на градбите се дефинирани согласно членовите 42-44 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Покрај максималната висина на градбите до венец, во нумерчките податоци се дадени и максимални катности на планираните висини за градба. Дополнително, растојанијата меѓу градбите се во согласност на член 40 од споменатиот Правилникот.

2.2. Непарцелирано градежно земјиште

Непрацелираното градежното земјиште или земјиштето за општа употреба служи за изградба на улици, плоштади, инфраструктури и други видови површини за општа употреба.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 не се менуваат веќе дефинираните плански одредби и решенија на важечкиот Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) во делот на непрацелираното градежно земјиште, односно во делот на сообраќајната инфраструктура целосно е преземено од важечката планска документација.

Имено, предметниот планскиот опфат од сите четири страни е ограничен со улици од примарната сообраќајна мрежа и тоа:

- на исток магистрална улица "М 1" (Регионален пат 1102),
- на запад сервисна улица "Н 6",
- на југ сервисна улица "Н 6",
- на север сервисна улица "Н 3".

и соодветно на тоа, согласно член 62 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), пристап во парцелираното градежно земјиште не се дозволува од планираната магистрална улица, односно пристапот во парцелираното градежно земјиште е предвиден од планираните сервисни улици.

За сите градежни парцели, со намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и Е2 – Комунална супраструктура, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), во рамки на сопствена градежна парцела.

Измената и дополнувањето на урбанистички план за село за овој простор овозможува сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно градба.

Во рамките на планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план (П=25.275,13м^2) земени се во предвид следните типови на озеленетост:

- Неизградена површина од градежните парцели - дворно место.

Пресметката на озеленетата површина која отпаѓа на дворното место во рамките на градежните парцели е дадена подолу во табелата:

Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА					
	Површина под градежни парцели ($м^2$)	Површина за градба ($м^2$)	Површина под дворно место и партер ($м^2$)	Процент на учество на дворното место и партер во градежните парцели (%)	Процент на учество на дворното зеленило и партер во вкупниот плански опфат (%)
Б1 – мали комерцијални и деловни намени	**427,31**	**176,36**	250,95	58,73	0,99
Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија	**6230,81**	**2001,96**	4.228,85	67,87	16,73
Е2 – комунална супраструктура	**14615,69**	**7309,98**	7.305,71	49,99	28,9
ВКУПНО:	**21.273,81**	**9.488,30**	**11.785,51**	**55,40**	**46,63**

Табела 2.8

Имајќи го в предвид тоа, степенот на озеленетост во рамките на целиот плански опфат е даден подолу во табелата:

Остварен степен на озеленетост во рамките на планскиот опфат на Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА		
	Површина ($м^2$)	Процент на озеленетост (%)
Дворно зеленило и партер	11.785,51	46,63
ВКУПНО:	**11.785,51**	**46,63**

Табела 2.9

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА И НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

3.1. Плански опфат

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на член 5, 6 и 7 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Границата на планскиот опфат треба да биде:

- затворена, рационална, економична, правилна линија, линија на опкружување со колку што е можно помала должина;
- линијата што ќе се совпаѓа или ќе ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др.) и
- линија која нема да ја намалува вредноста на земјишето што го дели или ја ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови.

Границата на планскиот опфат е дефинирана во рамки на Блок 4 од Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година), и се движи по осовините на улиците:

- на исток улица "М 1" (Регионален пат 1102),
- на запад улица "Н 6",
- на југ улица "Н 6",

- на север улица "Н 3".

Вака утврдениот плански опфат има површина од 2,52ха (П=25.275,13м^2**).**

3.2. Блокови

Согласно член 11 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) блокот претставува посложена единица на градежното земјиште која се состои од една или повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба. Границата на блокот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии, наменски зони, граници на градежни парцели и граници на катастарски парцели.

Планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, е ограничен на еден блок, односно Блок 4 од Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година).

3.3. Регулациона линија

Согласно член 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), регулационата линија е планска одредба со која се означува граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште наменето за поединечна употреба.

Во планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, регулационата линија кај сите градежните парцели се поклопува со линијата на градежната парцела.

3.4. Граница на градежна парцела

Согласно член 16 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистички план е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

3.5. Градежни парцели

Согласно член 17 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) градежна парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела кои се плански одредби во урбанистички план и урбанистичко планка документација што ја обележуваат промената на ноителот на право на градење.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 дефинирани се вкупно 7 градежни парцели со вкупна површина од 21.273,80м^2.

3.6. Намена на земјиште

Намената на земјиштето согласно член 24 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) се уредува на ниво на градежни парцели.

Во планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, согласно Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година), како и Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) дефинирани се следните групи на класи на намена и поединични класи на намена:

Комерцијални и деловни намени - група на класа на намени Б:

- Мали комерицјални и деловни намени - основна класа на намена Б1;

Производство, дистрибуција и сервиси - група на класа на намени Г:

- Лесна и незагадувачка индустрија - основна класа на намена Г2;

Инфраструктура - група на класа на намени Е:

- Комунална инфраструктура - основна класа на намена **Е1;**
- Комунална супраструктура (трафостаница) - основна класа на намена **Е2;**
- Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со услужен центар) - основна класа на намена **Е2;**

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, целосно се преземаат горенаведените групи на класи на намена и поединични класи на намена, и се дополнуваат со:

Инфраструктура - група на класа на намени Е:

- Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со услужен центар) - основна класа на намена **Е2;**

Дополнително, основната класа на намени Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **А1 – Домување во станбени куќи** до максимално 20%,
- **А3 – Групно домување** до максимално 20%,
- **Б4 – Деловни простори** до максимално 20%,

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 40%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Основната класа на намени Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 30%,
- **Б2 – Големи трговски единици** до максимално 30%,
- **Б4 – Деловни простории** до максимално 10%,
- **В2 – Здравство и социјална заштита** до максимално 5%,
- **Д2 – Заштитно зеленило** до максимално 30%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 30%,
- **Д4 – Меморијални простори** до максимално 30%,
- **Г3 – Сервиси** до максимално 30%,
- **Г4 – Стоваришта** до максимално 30%,

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 49%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
За Основната класа на намена Е1 – комунална инфраструктура и Е2 – комунална супраструктура, во рамките на планскиот опфат, предмет на оваа Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, не се предвидува компатибилна класа на намена.

3.7. Градежни линии и помошни градежни линии

Согласно член 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради. Дополнително,

согласно член 36 од цитираниот Правилник, градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите.

Во планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4, градежната линија за сите видови на градби е на различно растојание од регулационата линијата и од линијата на градежните парцели. Во Измената и дополнувањето на урбанистичкиот план за село употребена е и помошна градежна линија и истата согласно член 35 став 3 од цитираниот Правилник претставува ознака за денивелација, пасаж или друга промена во рамките на површината за градење.

3.8. Површини за градење

Согласно член 37 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите. Површината за градење е дефинирана во рамките на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе градежни парцели.

Со Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година), за градежните парцели со основна класа на намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, дефинирана е површина за градење односно во една градежна парцела по правило треба да има една површина за градење во која може да се гради само една градба, додека за градежните парцели со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и Е2 – Комунална супраструктура, во рамки на предметните градежни парцели е утврден простор определен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост. Дополнително, во нумеричките показатели покрај утврдената површина за градење, дадена е и максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор. Истите целосно се преземаат во предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4.

Понатамошната разработката на градежните парцели треба да биде со Архитектонско-урбанистички проект и/или Основен проект.

3.9. Максимална височина на градбите

Согласно член 41 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) плански одредби за ограничување на височината на градбите во урбанистичкиот план се висинска кота на тротоар или пристапна сообраќајница, височина на приземна или нулта плоча, максимална височина на градбата, максимален број на спратови, максимална височина на кровната конструкција и правила на градење над максималната височина на градбата.

Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина.

Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Максималната височина на градбата се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектна документација се

докаже дека се исполнети услови утврдени со планот за достигнување на максимална височина на градбата, која често се однесува на обезбедување на потребен број на паркинг места согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Согласно член 44 на цитираниот Правилник, при одредување на максималната височина на градбата се почитуваат стечените права од важечките урбанистички планови.

Согласно табеларниот приказ од точка 9. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, дадени преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, за објектите со намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, предвидена е максимална височина на венецот од 8,0м и катност П+1; за објектите со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија максимална височина на венецот не е дефинирана и истата е предвидено да се дефинира со понатамошна разработка со АУП (согласно технолошки процес), додека предвидена е катност од П+2; и за објектите со намена Е2 – Комунална супраструктура (трафостаница) предвидена е максимална височина на венец од 3,0м и приземна катност.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, максималната височина на градбите со намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени се задржува и истата е дефинирана на 8,0м и катност од П+1, за градбите со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и Е2 – Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица и услужен центар) максималната височина на венец ќе се дефинира со понатамошна разработка со АУП, а катноста е дефинирана на П+2, и за градбата со намена Е2 – Комунална супраструктура (трафостаница) предвидена е максимална височина на венец од 3,0м и приземна катност.

Максимална височина на слеме е планска одредба која ја претставува највисоката точка на кровната конструкција или највисоката хоризонтална линија на пресекот на накривените рамнини што го формираат покривот. Височината на слемето се одредува и мери од котата на горниот, односно завршниот венец на градбата.

При изработката на основните проекти за одделните градежни парцели од предметниот плански опфат, да се почитуваат членовите 46, 47 и 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), а во врска со дозволената височина на слемето, можностите за формирање на различни типови на покриви и дозволените одстапувања од силуетата на кровот.

3.10. Процент на изграденост

Согласно член 49 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), процентот на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Во планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село оваа планска одредба се движи до 41,36% за градби со намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, 35,88% за градби со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и до 61,80% за градби со намена Е2 - Комунална супраструктура.

3.11. Коефициент на искористеност

Согласно член 50 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18),

коефициентот на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитето на изграденост на градежното земјиште.

Во планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 оваа планска одредба се движи до 0,83 за градби со намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, 1,08 за градби со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и до 1,85 за градби со намена Е2 - Комунална супраструктура.

3.12. Комунална инфраструктура – сообраќајна инфраструктура

Освен обезбедување на архитектонско-урбанистички параметри за градба, планскиот концепт се потпира и на предвидената квалитетна инфраструктура за динамичкиот и стационарниот сообраќај.

3.12.1 Динамички сообраќај

Сообраќајната инфраструктура е со низок степен на реализација. Пристапот во планскиот опфат во моментот е преку улицата „М 1“ (Регионален пат 1102) од источната страна на планскиот опфат, која е делумно реализирана со променлива широчина на уличниот профил. Со Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година), истата е планирана како магистрална улица од која не е дозволен директен пристап во градежните парцели и во планираното решение во предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село е превземена во целост, вклучително со заштитниот коридор од 20м, соодветно прикажан во графичките прилози.
Улиците "Н 6" на западната и јужната страна на планскиот опфат и улицата "Н 3" на северната страна на планскиот опфат со Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) се планирани како сервисни улици кои не се реализирани Истите се целосно преземени во планираното решение на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село.
Подолу е даден преглед на планираните примарни сообраќајници:

Пресек 1-1 магистрална улица "М 1" (Регионален пат 1102)

Улицата "М 1" (Регионален пат 1102) е улица од примарна сообраќајна мрежа и согласно Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) истата е планирана како магистрална улица со регулациона широчина од 10.0м. Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село целосно е преземена планираната регулациона широчина, вклучително и заштитниот коридор од 20м, соодветно прикажан во графичките прилози. Од оваа улица не е дозволен пристап во градежните парцели.
Попречниот профил на оваа улица ги содржи следните елементи:

тротоар	**2x1,50м**
коловоз	**2x3,50м**
ВКУПНО:	**10,0м**



Состојба: делумно реализирана

Пресек 2-2 сервисни улици "Н 6" и "Н 3"

Улиците „Н 6“ и "Н 3" се улици од примарна сообраќајна мрежа и согласно Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) истите се планирани како сервисни улици со регулациона широчина од 9.0м. Со предметната Измена и

дополнување на урбанистичкиот план за село целосно е преземена планираната регулациона широчина. Од оваа улица е дозволен пристап во градежните парцели.
Попречниот профил на овие улици ги содржи следните елементи:

тротоар	**2x1,5м**
коловоз	**2x3,0м**
ВКУПНО:	**9,0м**



Состојба: не се реализирани

Пресек 3-3 **сервисни улици "Н 6" и "Н 3"**

Улицата "Н 6" која ја дефинира западната граница на планскиот опфат е улица од примарна сообраќајна мрежа и согласно Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) истата е планирана како сервисна улица со регулациона широчина од 9.5м, вклучително и заштитно зеленило од 0,5м. Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село целосно е преземена планираната регулациона широчина. Од оваа улица е дозволен пристап во градежните парцели.
Попречниот профил на овие улици ги содржи следните елементи:

тротоар	**2x1,5м**
коловоз	**2x3,0м**
зеленило	**1x0,5м**
ВКУПНО:	**9,5м**



Состојба: не е реализирана

3.12.2 Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај - паркирање на моторните возила за градежните парцели со класа на намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и Е2 – Комунална супраструктура се предвидува да се реши во склоп на градежната парцела во следна фаза на проектирање.
Согласно точка 9.7 од Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, дадени преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, се предвидува паркирањето првенствено да се реши во сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места како основен услов за изградба на максимално дозволената висина и површина за градба. Минималниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) според следните нормативи:

- Б1 – Мали комерцијални и деловни намени: 1 паркинг место на секои 60м^2 од вкупно изградената површина
- Г2 – лесна и незагадувачка индустрија: потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена.
- Е2 – Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со услужен центар): потребниот број на паркинг места се дефинира со понатамошна разработка со проектна документација.

При изработка на проектната документација за одделните градежни парцели, доколку се користи дозволениот процент на учество на компатибилна класа на намена во површината на основната класа на намена, задолжително да се пресмета минималниот потребен број на паркинг места соодветно на класата на намена која учествува како компатибилна, а во согласност со член 59, на цитираниот Правилник.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село се дозволува реализација на заедничко подземно и надземно паркирање за две или повеќе парцели преку заедничка пристапна комуникација, заради обезбедување на потребниот број на паркинг места, по добиена согласност од сопствениците на градежното земјиште кое е опфатено со предметните градежни парцели.

3.12.3 Нивелмански план

Со предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4, целосно се усвојува нивелманскиот план утврден со важечката планска документација за дадениот плански опфат:

- Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година)

Котата на приземјето на градбите, пристапот и партерното уредување на дворовите ќе се усогласат со нивелетата на улиците и условите на теренот. Во графичките прилози прикажани се апсолутните коти и кординатите на осовинските точки.

3.13. Комунална инсталациона мрежа

Во рамките на предметниот плански опфат, водоводната, канализационата, електро-енергетската и телекомункациската се карактеризираат со низок степен на реализација, додека топловодната и гасоводната инфраструктура воопшто не биле планирани во минатото. Внатрешните водовите за снабдување со електрична енергија, вода, како и електронско-комуникациските водови се предвидуваат до секоја градба. Исто така се предвидува канализациска инфраструктура за прифаќање на атмосферските и фекалните отпадни води. Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село не е предвидена топлификациона и гасификациона инфраструктура и истата ќе биде предмет на идна разработка со проекти за инфраструктура.

При понатамошна разработка на инфраструктурните водови да се внимава истите да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, по можност сместени во непарцелираното градежно земјиште за општа употреба. Дополнително, се препорачува инфраструктурните водови да се водат во соодветни заштитни цевки со поголем дијаметар кој ќе овозможи интервенција на водовите. Во графичките прилози инфраструктурните водови се прикажани како плански решенија. Врз основа на овие прилози треба да се изработат идејни или директно основни проекти за инфраструктурните водови. За линиските инфраструктурни градби по потреба, може да се изработат и Проекти за инфраструктура.

3.13.1 Водовод и водостопански инфраструктури

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од ЈПКД Комуналец - Гевгелија за постоење на хидро-техничка инфаструктура во границите на планскиот опфат но не е добиен повратен одговор.

Согласно член 32, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) доколку органите на државна управа и други субјекти не достават податоци и информации до изработувачот на урбанистичко-проектната документација, „*се смета дека не располагаат со бараните*

податоци и информации, при што евентуалните идни штети настанати поради недоставување на податоците и информациите ќе бидат на товар на субјектите кои не ги доставиле потребните податоци и информации, односно не одговориле на барањето."

Информации за постојна и планирана хидротехничка инфраструктура се преземени од важечкиот Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија, Плански период 2013-2023, (Одлука бр. 09-1864/1 од 24.07.2015 год.), и согласно истиот во рамките на предметниот плански опфат или во негова непосредна близина има постојна односно планирана е следната инфраструктура:

- постојна водоводна мрежа Ø150 долж планираната сервисна улица "Н3", на јужниот дел од опфатот и постојна водоводна мрежа Ø50 долж планираната магистрална улица "М1", на источниот дел од опфатот;
- планирана водоводна мрежа Ø100 долж планираната магистрална улица "М1" на источниот дел од опфатот и планираната сервисна улица "Н6", на западниот и северниот дел од опфатот;

Во точка 9.27 од Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, даден преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, наведено е дека санитарната вода ќе се обезбеди од Регионалниот водоснабдителен систем согласно условите добиени од овластеното комунално претпријатие, а секоја градба или комплекс од градби за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзат со водоводна мрежа со приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствена градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши согласно важечките стандарди и нормативи. Исто така, доколку за водоснабдување се користат подземни води, динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не е дозволена прекумерна експолатација на подземните води поради што би дошло до пореметување на режимот на подземните води.

При понатамошна разработка на водоводната мрежа со проектна документација задолжително да се изработат дополнителни хидраулички пресметки.

Со писмен допис бр. 03-25/4 од 22.03.2019 година, побарани се податоци и информации од АД Водостопанство на РМ - Скопје за постоење на постојни и планирани објекти и инсталации во надлежност на претпријатието во границите на планскиот опфат, и добиен е повратен одговор бр. 11-1025/2 од 19.04.2019 година, во кој е наведено дека во рамки на предметниот опфат постои систем за наводнување, соодветно прикажан во графичките прилози.
Со предметната измена и дополна на урбанистички план за село, во целост се презема постојната водостопанска инфраструктура. При понатамошна разработка на градежните парцели утврдени со овој план, преку Архитектонско-урбанистички проект, задолжително да се почитува постојната ифраструктура на АД Водостопанство на РМ – Скопје.

3.13.2 Фекална канализациона мрежа

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од ЈПКД Комуналец - Гевгелија за постоење на хидро-техничка инфаструктура во границите на планскиот опфат но не е добиен повратен одговор.

Согласно член 32, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) доколку органите на државна управа и други субјекти не достават податоци и информации до изработувачот на урбанистичко-проектната документација, „*се смета дека не располагаат со баранит*е *податоци и информации, при што евентуалните идни штети настанати поради*

недоставување на податоците и информациите ќе бидат на товар на субјектите кои не ги доставиле потребните податоци и информации, односно не одговориле на барањето.“

Информации за постојна и планирана хидротехничка инфраструктура се преземени од важечкиот Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија, Плански период 2013-2023, (Одлука бр. 09-1864/1 од 24.07.2015 год.), и согласно истиот во рамките на предметниот плански опфат или во негова непосредна близина има постојна односно планирана е следната инфраструктура:

- планирана фекална канализација Ø250 долж планираната магистрална улица "М1" на источниот дел од опфатот, планираната сервисна улица "Н6", на западниот и северниот дел од опфатот и планираната сервисна улица "Н3", на јужниот дел од опфатот.

Согласно точка 9.27 од Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, дадени преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, наведено е дека за објектите со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, задолжителен е комплетен третман на отпадните води од сопствениот техмолошки процес, а пречистената отпадна вода не смее да биде со понизок квалитет од класата на реципиентот. Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал, откако ќе биде извршен третман – пречистување во пречистителна станица, поставена во сопствената парцела. Како реципиент на пречистените отпадни води е предвидена Кованска река.

За градежната парцела со намена Е2 – бензинска пумпна станица со услужен центар, одведувањето на фекалните води се планира да се изведе во септички јами со претходно соодветно биолошко прочистување во биолошки пречистителни станици за отпадни води. Позицијата на биолошката јама и на бунарите, вклучително и разработката на внатрешната разводна мрежа, која ќе биде предмет на разработка со Архитектонско – урбанистички проект.

3.13.3 Атмосферска канализациона мрежа

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од ЈПКД Комуналец - Гевгелија за постоење на хидро-техничка инфаструктура во границите на планскиот опфат но не е добиен повратен одговор.

Согласно член 32, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) доколку органите на државна управа и други субјекти не достават податоци и информации до изработувачот на урбанистичко-проектната документација, „*се смета дека не располагаат со бараните податоци и информации, при што евентуалните идни штети настанати поради недоставување на податоците и информациите ќе бидат на товар на субјектите кои не ги доставиле потребните податоци и информации, односно не одговориле на барањето.*“

Информации за постојна и планирана хидротехничка инфраструктура се преземени од важечкиот Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија, Плански период 2013-2023, (Одлука бр. 09-1864/1 од 24.07.2015 год.), и согласно истиот во рамките на предметниот плански опфат или во негова непосредна близина има постојна односно планирана е следната инфраструктура:

- планирана атмосферска канализација Ø300, долж планираната сервисна улица "Н6", на западниот и северниот дел од опфатот, Ø400 долж планираната сервисна улица "Н3", на јужниот дел од опфатот и Ø600 долж планираната магистрална улица "М1" на источниот дел од опфатот.

3.13.4 Електро-енергетска инфаструктура и објекти

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од ЕВН Македонија АД Скопје, КЕЦ Гевгелија, и добиен е повратен одговор писмо бр.11-1622/2 од 16.11.2018 година, во кое е наведено дека во рамките на предметниот плански опфат за Блок 4, како и во неговата непосредна близина има инсталации во сопственост на претпријатието и тоа:

- постоен среднонапонски 35кв вод, на начин прикажан во графичките прилози.
- постоен среднонапонски 10кв вод, на начин прикажан во графичките прилози.

Во точка 9.16 од Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, даден преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, наведено е дека за сите трансформаторски станици потребно е да се обезбеди пристап на товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.

Во точка 9.17 од горенаведените услови, наведено е дека за 10кВ подземни водови во тротоарскиот дел од сообраќајните површини потребно е да се оформат коридори за водење на истите, а во корелација со останатите инфраструктурни подземни инсталации.

Врз основа на горе-наведеното, со предметната измена и дополна на урбанистички план за село, во целост се преземаат постојните и планираните електро-енергетски инфраструктурни објекти на ЕВН Македонија АД Скопје, КЕЦ Гевгелија, при што се воспоставени и заштитни сигурносни појаси за поединечните водови и тоа: 5,0м лево и десно од осовината на надземниот 10кV СН вод. Дополнително, се предлага каблирање на дел од 10кV СН вод при што планираните заштитни сигурносни појаси се со димензии од по 1,0м лево и десно од осовината на водот.

Сите интервенции во постојната електро-дистрибутивна мрежа, како промена или дислокација ќе биде на товар на инвеститорите, а во согласност со насоките добиени од надлежното претпријатие.

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од АД МЕПСО – Скопје, и добиен е повратен одговор писмо бр. 02-8388/1 од 08.11.2018 година, во кое е наведено дека предметниот плански опфат се вкрстува со постоен 110кв далновод во сопственост на претпријатието, на начин прикажан во графичките прилози. Врз основа на допис од ЕЛЕТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје бр.10-641/2 од 28.01.2020 година утврдено е дека цитираниот далновод е всушност во владение на ЕВН и дека се работи за 35кв Далновод, означен во графичките прилози.

Со предметната измена и дополна на урбанистички план за село, во целост се презема постојната електро-енергетска инфраструктура и објекти, како и планираните водови од Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија. Соодветно на тоа, а согласно дописот од ЕЛЕТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје бр.10-641/2 од 28.01.2020 година, за 35кV ДВ, преземен е сигурносниот појас од 12м, лево и десно од осовината на далекуводот, а во согласност со регулативата која била на снага во времето на одобрување на планската програма за предметниот урбанистички план.

3.13.5 Улично осветлување

Бидејќи во рамки на планскиот опфат се предвидуваат нови сообраќајници, а и постојната не е осветлена, истите треба да се осветлат со соодветни светилки со технички карактеристики:

- средна погонска осветленост Esr 5 - 10 (Lx)

- коефициент на рамномерност Emin / Esr. 1 : 4
- светлосен извор VTFE 250 (W)
- висина на монтажа H = 8(м)
- меѓусебно растојание 25 - 35 (м)

Со изработка на Основните проекти точно ќе се дефинираат светлосните тела, столбовите и приклучувањето на истите во полето за улично осветление.

3.13.6 Телекомуникациска инфраструктура и објекти

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од Македонски Телеком АД Скопје, и добиен е повратен одговор писмо бр.760316/2 од 14.11.2018 година, во кое е наведено дека во рамките на предметниот плански опфат како и во неговата непосредна близина има инсталации во сопственост на претпријатието и тоа:

- постоен бакарен (тк) кабел, на начин прикажан во графичките прилози;
- постоен оптички кабел, на начин прикажан во графичките прилози;

Дополнително, согласно известување од Агенцијата за електронски комуникации, бр.1404-3355/2 од 12.11.2018 година, во рамките на предметниот плански опфат има:

- постоен бакарен (тк) кабел, на начин прикажан во графичките прилози;
- постоен оптички кабел, на начин прикажан во графичките прилози;

Во точка 9.20 од Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, даден преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, наведено е дека телекомуникациските коридори треба да се планираат во површини од тротоари, пристапни улици и пешачки патеки. За уличните телекомуникациски ормари потребно е да се обезбеди манипулативен простор со димензии 1,0x0,5м.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село предвидени се коридорите на телекомуникациската инфраструктура, но нивна понатамошна разработка, како и приклучување на постојната мрежа ќе биде прецизно разработено со основни проекти во склад со развојните програми на Македонски Телеком АД Скопје.

3.13.7 Гасоводна инфраструктура

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од ГА-МА АД – Скопје, и добиен е одговор (без деловоден број), во кој е наведено дека во рамките на предметниот плански опфат или во негова непосредна близина нема траса на планиран и изведен гасовод.
Во важечките плански документации за предметниот плански опфат не е планирана гасоводна инфраструктура, и согласно на тоа во предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село не се планирани никакви инсталации за гасоводна инфраструктура.

3.14. Хортикултура и партер

Со Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година), за Блок 4, не се предвидува прецизен тип на зеленило ниту прецизен процен на зазеленетост по глава на жител. Имајќи го тоа в предвид, со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, слободниот неизграден дел од градежните парцели се предвидува хортикултурно да се уреди со високо и ниско зеленило и да се затревни. За таа цел се предвидуваат дворно зеленило чии површини се дадени подолу во табелата:

СТЕПЕН НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ПРДЕЈЦИ - БЛОК 4 ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА – БЛОК 4, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА		
	Површина ($м^2$)	Процент на озеленетост и партер(%)
Дворно зеленило и партер	11.785,51	46,63
ВКУПНО:	**11.785,51**	**46,63**

Табела 2.10 (*Вредностите се однесуваат на цел плански опфат)*

Со предметната Измена и дпополна на урбанистичкиот план за село предвидени се 46,63% дворно зеленило во рамки на планскиот опфат со што е задоволен член 20 од Законот за урбано зеленило (СЛ. Весник на РМ бр.11/18), каде е предвидено е да се обезбеди најмалку 20% зеленило. Пристапот до содржините ќе биде со завршна обработка од асфалт, додека пешачките површини предвидено е да се поплочат со павер елементи.

3.15. Елементи на обликување на градбите во градежните парцели

За сите градби во планскиот опфат да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со добри карактеристики. Дополнително, за сите градби:

- да се применат асеизмички конструктивни системи;
- применетите материјали за бидат издржливи на пожар;
- градбите мора да имаат максимална термичка и звучна изолација, односно да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, како услов за заштеда на енергијата, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина (Агенда 21);
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини;
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите со препознатлив локален архитектонскиот израз на градбите;
- доколку сончевата енергија се искористи преку употреба на сончеви колектори, истите да бидат така поставени да не го нарушуваат архитектонскиот израз на градбите;

3.16. Економско образложение на планските решенија

Појдовната премиса на моделот е глобалната економска парадигма поставена на принципите и законитостите на пазарната економија, слободна конкуренција, приватната сопственост и влијанијата на глобалните меѓународни економски текови, со респектирање на одржливиот развој и заштита на животната средина.

Реализацијата на Измената и дополнувањето на урбанистичкиот план за село ќе овозможи отпочнување на капитални инвестиции за активирање на повеќе функции предвидени со Планот, пред се инфраструктурни, кои ќе имаат исклучително значаен развоен потенцијал за унапредување на локалната економија преку уредување на земјиштето.

Реализицијата на градбите предвидени со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, ќе предизвика економски ефекти во непосредното опкружување од аспект на туристички развој и зголемување на степенот на уреденост на просторот. Од локациски аспект, идните инвестициите во планските решенија согласно урбанистичкиот план се детерминирани од конфигурацијата на теренот, од инфраструктурните компоненти: сообраќајна инфраструктура, водоводната, канализациската инфраструктура, електро-

енергетскиот и телекомуникациските системи. Ваквите економски вложувања треба да овозможат продукција на високо-квалитетни услуги со цел задоволување на специфичните барања и потреби на идните корисници на просторот. Сепак, активирањето на овој простор ќе овозможи отпочнување на инвестиции кои ќе произлезат со изградбата и ставањето во функција на предвидените објекти согласно планираните намени со кои се очекуваат економски ефекти во доменот на угостителството, туризмот и рекреацијата, трговијата, културата, спортот и др. Реализацијата на планските решенија, односно изградбата на просторот ќе се одвива комбинирано. На парцелираното градежно земјиште планирани се површини за градење, за кои директно ќе може да се изработат идејни или основни проекти и/или Архитектонско-урбанистички проекти, а на непарцелираното земјште, зависно од барањата на инвеститорите, може да се работат директно Идејни и основни проекти или да се разработува дополнително просторот со нова урбанистичко-планска документација и инфраструктурни проекти.

3.16.1 Економска матрица на Урбанистичкиот план

Утврдување на економската вредност на урбанистичкиот план со цел согледување на исплатливоста на инвестициите во државното земјиште од аспект на инвестирање во комунална инфраструктура е детерминирано од основните компоненти кои имаат најголемо и доминантно учество во економската матрица на урбанистичките решенија на планот.

Во трошковната матрица не се вклучени инвестициите потребни за реализација на предусловите за ефектуирање на планските решенија поврзани со изведба и реализација на соодветена комунална супраструктура и инфраструктура. Исто така значајна компонента претставуваат екстерналиите кои латентно постојат и се поврзани со евентуалните штети што можат да настанат по животната средина и особено во однос на загубата на автентичноста на просторот. Подолу се дадени влезните компоненти за економско образложение на планските решенија

Информациско планска документација

Документацискатa основа ги содржи сите трошоци поврзани со прибирање и изработка на соодветна информациско-планерска и проектна документација.

Сообраќајна инфраструктура

Планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село се карактеризира со низок степен на реализација на сообраќајна инфраструктура.

Со планските решенија на предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 целосно се преземени планираните примарни сообраќајни коридори од важечкиот Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година). Нова сообраќајна инфраструктура не се планира.

Водоснабдителна инфраструкура

Во рамки на планскиот опфат нема податоци за изведена водоснабдителна инфраструктура од надлежните јавни претпријатија.

Со планските решенија на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село се планира водоводна инфраструктура, при што инфраструктурните коридори е планирано да поминуваат низ јавни површини. Понатамошната разработка ќе биде со Основен проект, а во согласност со надлежното комунално претпријатие, освен во случај на промена на планираната траса на инфраструктурните водови, кога задолжително ќе треба да се изработи Инфраструктурен проект, пред изработка на основниот проект.

Фекална и атмосферска канализациона мрежа

Во рамки на планскиот опфат нема податоци за изведена фекална канализациска инфраструктура и атмосферска канализација од надлежните јавни претпријатија.

Со планските решенија на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село се планира екстензивна канализационата инфраструктура, чијашто понатамошна разработка ќе биде со Основен проект, а во согласност со надлежното комунално претпријатие, освен во случај на промена на планираната траса на инфраструктурниот вод, кога задолжително ќе треба да се изработи Инфраструктурен проект, пред изработка на основниот проект.

Електро-енергетска мрежа

Со планските решенија на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село се предвидува секоја градежна парцела да добие електро-енергетски приклучок.

Дополнително, во планските решенија на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, се планира електро дистрибутивна инфраструктура, чијашто понатамошна разработка ќе биде со Основен проект, а во согласност со надлежното електро дистрибутивно претпријатие, освен во случај на промена на планираната траса на инфраструктурниот вод, кога задолжително ќе треба да се изработи Инфраструктурен проект, пред изработка на основниот проект.

Јавно осветлување

Во согласност со принципите на одржливиот развој, овој урбанистички план предвидува инсталации за јавно осветлување, кои ќе се напојуваат од независни извори на енергија, како соларни панели за секоја канделабра поединечно, а поставени долж сите сообраќајници. Начинот на поставување на столбовите, нивнотот растојанието, како и начинот на водење на каблите за јавното осветлување во соодветни инфраструктурните коридори, ќе се дефинира со инфраструктурни проекти.

Телекомуникациска инфраструктура

Со планските решенија на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село се планира екстензивна телефонска и комуникациска мрежа. За сите инфраструктурни водови да се изработат Проекти за инфраструктура, при што телефонските кабли да бидат поставени во инфраструктурни коридори заедно со останатите инфраструктурни водови.

Гасоводна инфраструктура

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од ГА-МА АД – Скопје, и добиен е одговор (без деловоден број), во кој е наведено дека во рамките на предметниот плански опфат или во негова непосредна близина нема траса на планиран и изведен гасовод.

Во важечките плански документации за предметниот плански опфат не е планирана гасоводна инфраструктура, и согласно на тоа во предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село не се планирани никакви инсталации за гасоводна инфраструктура.

Зеленило и рекреација

Во рамките на планскиот опфат предвидено е дворно зеленило.

Предвидени градби:

Во планскиот опфат се предвидува изградба на објекти со следната намена:

- **Комерцијални и деловни намени - група на класа на намени Б:**
  Мали комерицјални и деловни намени - основна класа на намена Б1;
- **Производство, дистрибуција и сервиси – група на класа на намени Г:**
  Лесна и незагадувачка индустрија – основна класа на намена Г2;
- **Инфраструктура - група на класа на намени Е:**
  Комунална инфраструктура – основна класа на намена Е1;
  Комунална супраструктура (трафостаница) - основна класа на намена Е2;
  Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со услужен центар) - основна класа на намена Е2.

Дополнително, дел од наведените основни класи на намени се дополнуваат со компатибилни класи на намени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.2/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Третман на цврстиот отпад

Со планот се предвидува обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад. Заради тоа е потребно планско согледување и определување на соодветна локација за депонија како и нејзино организирање и уредување за современ транспорт, третман и уништување на отпадот.

Елементи на обликување на градежните објекти

За сите градби во градежната парцела да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали, со максимална термичка и звучнаизолација со цел заштеда на енергија и одржлив развој.

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

При проектирањето на градбите како и при понатамошната разработка со Основни проекти, неопходно е да бидат запазени прописите од Правилникот за суштински барања за градежни објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), како и да се почитува Законот за заштита на животната средина и природата.

4.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Со писмен допис бр. 03-215/1 од 05.11.2018 година, побарани се податоци и информации од Управата за заштита на културно наследство при Министерството за култура, за предметниот плански опфат, но нр е добиен одговор .

Согласно член 32, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) доколку органите на државна управа и други субјекти не достават податоци и информации до изработувачот на урбанистичко-проектната документација, „*се смета дека не располагаат со бараните податоци и информации, при што евентуалните идни штети настанати поради недоставување на податоците и информациите ќе бидат на товар на субјектите кои не ги доставиле потребните податоци и информации, односно не одговориле на барањето.*“

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

4.2. Мерки за заштита на животна средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Градежните парцели се развиваат согласно современите урбанистички принципи и затоа проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се изразени.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
- Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.
- Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).
- Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан сиетем на зеленило во селото.

Овој плански опфат нема негативно да влијае на околината.

Сите слободни површини од парцелата хорикултурно да се уредат со зеленило.

Планирана е изведба на комплетна комунална инфраструктура, така што нема опасност од загадување на подземните води.

Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери према видот на одпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница.

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на Измената и дополнувањето на ДУП-от е следна:

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 100/12, 163/13, 10/15, 146/15);

- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99 и 146/15);
- Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и други законски и подзаконски акти.

4.3. Заштита на почвата и подземните води

При изградба на содржините во склоп на планскиот опфат, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата, како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води, како на фекалните така и на атмосферските. Дополнително се предвидува:

- Заштита на проточните и подземните води има приоритети со соодветно техничко технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и др.)
- Неутрализирање на штетните отпадни материи пред испуштање во канализациона мрежа.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 проект целосно се презема планираната канализациона инфраструктура од важечкиот Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година).

Согласно точка 9.29 Посебни услови од аспект на заштита на водите, зададени во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, даден преку Извод од Урбанистички

план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, наведено е дека треба да се исполнат следните критериуми:

Со површинските води треба да се управува на начин кој обезбедува:

- Избегнување на активности кои предизвикуваат влошување на состојбата на водните екосистеми;
- Добра состојба на водните тела и на водните екосистеми, како и на екосистемите зависни од вода;

За да се заштитат површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем;
- Изградба на пречистителна станица и испуштање на отпадните води во најблискиот реципиент одкако нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води" и "Уредбата за класификација на водите", (Сл.Весник на РМ бр.18/99).

За заштита на регулираните водотеци треба да се предвиди:

- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопанските објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилноста на одбранбените насипи, да се копа, земја, да се садат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради;
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта;
- Не смее да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за животна средина-сектор за води;
- Не смее да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски отпад, земја, шут, јаловина и др.);
- Не смее да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение;
- Се забранува изградба на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад;
- Не смее да се копаат прокопи и канали по должина на насипот на коритото поблиску од 10м од внатрешната страна и 10м од надворешната страна на ножицата на насипот;
- Изведувањето на регулираните водотеци да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;
- Во крајбрежните земјишта се забранува изградбата на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка , постапување, складирање , отстранување или транспорт на опасни материи и супстанции и цврст или течен отпад ;
- Објектите и постројките коишто во процесот на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанции што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно или индиректно загадување на водите;
- Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

- Да се вршат и други работи со кои се оштетуваат водостопанските објекти и постројки.
- Преминувањето преку водостопанските објекти да биде на определени места без да се блокира природниот тек.

4.4. Заштита од бучава

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.

Во склоп на подобрување на условите за работа и живеење еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување.

Согласно точка 8 Мерки за заштита зададени во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, даден преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, наведено е дека заштитата од бучава е регулирана со Закон за заштита од бучава (Сл. Везник на РМ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15). Исто така при изградба на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бучава и доведување на истото во законски дозволените мерки. Проблемите на бучава од сообраќајниците, треба да се решаваат со обезбедување на заштитно зеленило покрај истата во рамки на градежната парцела, кое во исто време ќе значи и озеленување и оплеменување на просторот во дворното место.

4.5. Заштита на воздухот

Неопходно е при планирањето на просторот да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Согласно точка 8 Мерки за заштита зададени во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, даден преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, наведено е дека неопходно е да се оформи (каде што е можно), заштитно зеленило во простори со различен степен на чистота на работната средина, кои имаат значење од аспект на подобрување на микроклиматските влијанија. Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
- примена на соодветни техничко - технолошки мерки;
- обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај сообраќајница;
- уредување на зелени површини во рамките на градежната парцела и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленило во и надвор од планскиот опфат.

Со Измената и дополнувањето на урбанистичкиот план за село се предвидува доминантно изградба на објекти со намена Е – Инфраструктура и не се очекува значителна концентрација на возила кои би влијаеле на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Сепак нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. Весник на РМ бр.141/10).

4.6. Управување со отпадот

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ, бр.09/11-пречистен текст и бр.51/11, 123/12, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село се предвидува доминантно изградба на објекти со намена Е-Инфраструктура. Согласно тоа, депонирање на отпадот се предвидува да се регулира од надлежното комунално претпријатие.

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани и поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

4.7. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Со писмен допис бр.03-215/1 од 05.11.2018 год., побарани се податоци и информации од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Гевгелија, но не е добиен повратен одговор.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат

организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

- изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
- уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
- воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко- технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

4.8. Урбанистичко-технички мерки

4.8.1 Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.

При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето.

Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон.

Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.

Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.

Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.

Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со закон.

Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти.

Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

4.8.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачја, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекувае на загрозените и настраданите, обезбедување на населението во поплавените

подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Согласно точка 8 Мерки за заштита зададени во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, даден преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, наведено е дека:

- заштита на проточните и подземните води со обезбедување на соодветни техничко- технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадните води, пречистителни станици и сл.);
- доследно почитување на прописите кои се однесуваат на големината и одржувањето на санитарно - заштитните зони;
- неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот;
- континуирано следење на квалитетот на водите.

4.8.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди.

Согласно точка 8 Мерки за заштита зададени во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, даден преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, наведено е дека:

- Пристап со возило во градежната парцела;
- Сообраќајните површини да се изведени согласно пропишаните стандарди и нормативи со што се обезбедува движење и дејствување на противпожарно возило, а просторот помеѓу градбите и границата на градежната парцела да е со минимална ширина од 5,0м; Во случај на пожар планскиот опфат ќе го опслужува противпожарна единица од Општина Гевгелија;
- За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост.

Растојанијата на дефинираните градежни линии до границите со соседните парцели овозможуваат несметан пристап, подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Со оглед на својата местоположба, предметната локација потпаѓа во зоната на дејство на професионалната ПП единица од Гевгелија. Пунктот на истата е лоциран на ул.7ми Ноември, Гевгелија, односно оддалечен е од предметната локација на околу 10 километри. Со оглед на

оддалеченоста, но и густината на сообраќајот во овој дел на градот, времетраењето потребно за интервенција на противпожарната единица изнесува околу 12-15 минути.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од најмалку 3 страни,
- внатрешните сообраќајни површини се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- во општина Струга која го опслужува овој плански опфат со ПП заштита, има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности,
- самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема.
- во понатамошната разработка на објектите со Основни проекти, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/00).

При изработката на Локалната урбанистичка планска документација почитуван е Законот за заштита и спасување (пречистен текст – Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 32/11 и 145/13), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правнитие лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

При изработката на основните проекти за градбите, потребно е да се изготви посебен Проект за заштита од пожари за секој објект посебно, како и на целиот комплекс и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.139/10).

Согласноста ја издава Дирекцијата за заштита и спасување.

4.8.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неекслодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети горенаведените услови уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на предходно определени и уредени места за таа намена. Соодветно, при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

4.8.5 Заштита и спасување од урнатини

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Просторот кој е предмет на анализа има потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во рамки на планскиот опфат, заштитата од урнатините ќе се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал, релативно помали тежини и соодветни конструктивни системи.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Планскиот опфат се наоѓа во зона на случени земјотреси од 8º по Меркалиј- Канцани – Зиберг, и во склад со овие бројки да се предвиди отпорноста на објектите.

Планските решенија во предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село се изработенио врз основа на утврдениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Односно, во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, проектното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Согласно точка 8 Мерки за заштита зададени во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, даден преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, наведено е дека за заштита на локалитетот од урнатини, при урбанистичкото планирање и во понатмошната разработка со Архитектонско-урбанистички проект и/или Основен проект, треба да се води сметка за:

- Градежната линија на планираните површини за градење да е соодветно оддалечена од границата на градежната парцела односно од регулационата линија;
- Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;
- При рушење, објектот да зафаќа H/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;
- Сообраќајната инфраструктура во локалитетот да не биде попречена со рушевини заради несметан пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, итн;
- Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

4.8.6 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко - технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко- технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и остранување на предизвиканите последици.

На градежните парцели предмет на оваа Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, заради намената на грабите нема можност од појава на технички несреќи.

Но, заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина предвидени се горенаведените превентивни мерки, односно предвидено е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во евентуалните технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, односно нафта и нафтени деривати.

4.8.7 Спасување од сообраќајни несреќи

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.

Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните

здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

4.9. Хуманитарни мерки

4.9.1 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

4.9.2 Згрижување на настрадано и загрозено население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

4.9.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуаат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средсва, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спрове-дуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

4.9.4 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош, зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника. За предметниот плански опфат кој припаѓа на реонот на Здравствен дом Гевгелија а во рамки на која има пункт на Итна медицинска помош (ИПМ) Гевгелија, лоциран на ул. Слободан Митров Данко бр.38, тој временски рок би изнесувал приближно 10 мин., земајќи ја во предвид оддалеченоста од околу 12-15км.

4.9.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од жи-вотинско потекло од дејствата на природните непогоди, и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

4.9.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфака превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

4.9.7 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Измената и дополнувањето на урбанистичкиот план за село, односно за изготвување на Извод од Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4, општина Гевгелија.

Основните урбанистички параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и со содржина согласно Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план, формата, содржината и начинот на обрбаотка на урбанистичко-планските документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржина, формата и начинонот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр.142/15).

Понатамошната разработка на градежните парцели ќе биде со Архитектонско-урбанистички проект и/или Основен проект. Одобрението за градба ќе се издава врз основа на изработен Основен проект за градбите.

5.1. Плански опфат

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на член 5, 6 и 7 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Согласно член 7 од предходно цитираниот Правилник, границата на планскиот опфат треба да биде рационална, економична, правилна линија со колку што е можно помала должина.

Границата на планскиот опфат е дефинирана во рамки на Блок 4 од Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година), и се движи по осовините на улиците:

- на исток улица "М 1" (Регионален пат 1102),
- на запад улица "Н 6",
- на југ улица "Н 6",
- на север улица "Н 3".

Вака утврдениот плански опфат има површина од 2,52ха (П=25.275,13м^2)**.**

5.2. Блокови

Согласно член 11 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) блокот претставува посложена единица на градежното земјиште која се состои од една или повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба. Границата на блокот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии, наменски зони, граници на градежни парцели и граници на катастарски парцели.

Планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, е ограничен на еден блок, односно Блок 4 од Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година).

5.3. Регулациона линија

Согласно член 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), регулационата линија е планска одредба со која се означува граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште наменето за поединечна употреба.

Во планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, регулационата линија кај сите градежните парцели се поклопува со линијата на градежната парцела.

5.4. Граница на градежна парцела

Согласно член 16 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистички план е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

5.5. Градежни парцели

Согласно член 17 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) градежна парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна

парцела кои се плански одредби во урбанистички план и урбанистичко планка документација што ја обележуваат промената на ноителот на право на градење.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 дефинирани се вкупно 7 градежни парцели со вкупна површина од 21.273,80м^2.

5.6. Намена на земјиште

Намената на земјиштето согласно член 24 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) се уредува на ниво на градежни парцели.

Во планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, согласно Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година), како и Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) дефинирани се следните групи на класи на намена и поединични класи на намена:

Комерцијални и деловни намени - група на класа на намени Б:

- Мали комерицјални и деловни намени - основна класа на намена Б1;

Производство, дистрибуција и сервиси - група на класа на намени Г:

- Лесна и незагадувачка индустрија - основна класа на намена Г2;

Инфраструктура - група на класа на намени Е:

- Комунална инфраструктура - основна класа на намена **Е1;**
- Комунална супраструктура (трафостаница) - основна класа на намена **Е2;**
- Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со услужен центар) - основна класа на намена **Е2;**

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, целосно се преземаат горенаведените групи на класи на намена и поединични класи на намена, и се дополнуваат со:

Инфраструктура - група на класа на намени Е:

- Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со услужен центар) - основна класа на намена **Е2;**

Дополнително, основната класа на намени Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **А1 – Домување во станбени куќи** до максимално 20%,
- **А3 – Групно домување** до максимално 20%,
- **Б4 – Деловни простори** до максимално 20%,

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 40%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Основната класа на намени Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 30%,
- **Б2 – Големи трговски единици** до максимално 30%,
- **Б4 – Деловни простории** до максимално 10%,
- **В2 – Здравство и социјална заштита** до максимално 5%,

- **Д2 – Заштитно зеленило** до максимално 30%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 30%,
- **Д4 – Меморијални простори** до максимално 30%,
- **Г3 – Сервиси** до максимално 30%,
- **Г4 – Стоваришта** до максимално 30%,

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 49%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

За Основната класа на намена Е1 – комунална инфраструктура и Е2 – комунална супраструктура, во рамките на планскиот опфат, предмет на оваа Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, не се предвидува компатибилна класа на намена.

5.7. Градежни линии и помошни градежни линии

Согласно член 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради. Дополнително, согласно член 36 од цитираниот Правилник, градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите.

- Кога градежната линија се совпаѓа со градежната парцела со соседот не се одобруваат пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонска пластика.
- Кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот можните пречекорувања не смеат да излезат надвор од границата на градежната парцела на било која височина на теренот.
- Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

  — Првиот скланик од влезните партии до 30,0см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,00м;

  — Првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30,0см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,00м;

  — Второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец за уличен коридор широк до 8,5м, 7,5% од ширината на коридорот, но не повеќе од 1,5м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не треба да се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60м над котата на тротоарот и

  — Третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика, се појавува помеѓу котата на теренот и горниот венец се дозволува до 30,0см, ако широчината на тротоарот е поголема од 2,00м.

Во планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, градежната линија за сите видови на градби е на различно растојание од регулационата линијата и од линијата на градежните парцели. Во Измената и дополнувањето на урбанистичкиот план за село употребена е и помошна градежна линија и истата согласно член

35 став 3 од цитираниот Правилник претставува ознака за денивелација, пасаж или друга промена во рамките на површината за градење.

Согласно точка 9.21 од Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, дадени преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, отстапување од подземната градежна линија (апроксимативната површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални) и атмосферски води и друго, при разработка на градежната парцела со Архитектонско-урбанистички проект.

5.8. Површини за градење

Согласно член 37 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите. Површината за градење е дефинирана во рамките на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе градежни парцели.

Согласно член 38 од цитираниот Правилник доколку во Измената и дополнувањето на урбанистичкиот план за село утврдената површина за градење во една градежна парцела не ја опфаќа постојната градба во парцелата, искористувањето на правото на градење на површината за градење е условено со рушење и отстранување на постојната градба. Доколку површината за градење опфаќа повеќе од 50% од површината на основата на приземниот спрат на постојната градба во парцелата, искористувањето на правото на градење не е условено.

Дадените вредности во нумеричките показатели се однесуваат на дозволената површина за градење во утврдениот простор и во неа не се пресметани површините на дозволените пречекорувања на градежната линија со архитектонските пластики.

Задолжително да се почитува член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) во врска со односот помеѓу растојанието на градежната површина и границата на градежната парцела и типот и ограничувањата на отворите на ѕидовите.

Со Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година), за градежните парцели со основна класа на намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, дефинирана е површина за градење односно во една градежна парцела по правило треба да има една површина за градење во која може да се гради само една градба, додека за градежните парцели со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и Е2 – Комунална супраструктура, во рамки на предметните градежни парцели е утврден простор определен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост. Дополнително, во нумеричките показатели покрај утврдената површина за градење, дадена е и максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор. Истите целосно се преземаат во предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4.

Понатамошната разработката на градежните парцели треба да биде со Архитектонско-урбанистички проект и/или Основен проект.

5.9. Максимална височина на градбите

Согласно член 41 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) плански одредби за ограничување на височината на градбите во урбанистичкиот план се висинска кота на тротоар или пристапна сообраќајница, височина на приземна или нулта плоча, максимална височина на градбата, максимален број на спратови, максимална височина на кровната конструкција и правила на градење над максималната височина на градбата.

Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина.

Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Максималната височина на градбата се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектна документација се докаже дека се исполнети услови утврдени со планот за достигнување на максимална височина на градбата, која често се однесува на обезбедување на потребен број на паркинг места согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Согласно член 44 на цитираниот Правилник, при одредување на максималната височина на градбата се почитуваат стечените права од важечките урбанистички планови.

Согласно табеларниот приказ од точка 9. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, дадени преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, за објектите со намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, предвидена е максимална височина на венецот од 8,0м и катност П+1; за објектите со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија максимална височина на венецот не е дефинирана и истата е предвидено да се дефинира со понатамошна разработка со АУП (во зависност од технолошкиот процес), додека предвидена е катност од П+2; и за објектите со намена Е2 – Комунална супраструктура (трафостаница) предвидена е максимална височина на венец од 3,0м и приземна катност.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село, максималната височина на градбите со намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени се задржува и истата е дефинирана на 8,0м и катност од П+1, за градбите со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија (во зависност од технолошкиот процес) и Е2 – Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица и услужен центар) максималната височина на венец ќе се дефинира со понатамошна разработка со АУП, а катноста е дефинирана на П+2 услужниот центар и П за бензинската пумпна станица, и за градбата со намена Е2 – Комунална супраструктура (трафостаница) предвидена е максимална височина на венец од 3,0м и приземна катност.

Максимална височина на слеме е планска одредба која ја претставува највисоката точка на кровната конструкција или највисоката хоризонтална линија на пресекот на накривените рамнини што го формираат покривот. Височината на слемето се одредува и мери од котата на горниот, односно завршниот венец на градбата.

При изработката на основните проекти за одделните градежни парцели од предметниот плански опфат, да се почитуваат членовите 46, 47 и 48 од Правилникот за стандарди и

нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), а во врска со дозволената височина на слемето, можностите за формирање на различни типови на покриви и дозволените одстапувања од силуетата на кровот.

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот отфат:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикали комуникации и сите техничко- технолошки инсталации и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

Овие одстапувања од дозволената силуета на покривот не смее да надминат повеќе од 60% од должината на секоја фасада одделно. При калканско спојување на соседни градби, не е дозволено нивно поставување на растојание помало од 10% од должината на фасадите кон лицето и дното на градежните парцели, во однос на границата на соседната градежна парцела.

Согласно известување од Агенција за цивилно воздухопловство, писмо бр. 12-11/284 од 05.11.2018 година, наведено е дека доклку во планскиот опфат се планира изградба на:

- објекти кои ја надминуваат елевацијата од 383мнв, или
- издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, или
- оџаци со височина поголема од 30м, или
- ветерници, или
- други објекти со височина поголема од 100м,

потребно е од Агенцијата за цивилно воздухопловство, да достави проектна документација со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, голасно член 68 став 2 од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ“ бр.68/13, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18).
Согласно точка 9.14 од Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, дадени преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека.

5.10. Процент на изграденост

Согласно член 49 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), процентот на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Тој се пресемтува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со процент.

Во површина под градба се подразбира површина ограничена со надворешни ѕидови и столбови на градбата во висина на приземна плоча без надворешни тераси, скали, рампи, патеки и сл.

Во планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село оваа планска одредба се движи до 41,36% за градби со намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, 35,87% за градби со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и до 55,98% за градби со намена Е2 - Комунална супраструктура.

5.11. Коефициент на искористеност

Согласно член 50 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), коефициентот на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитето на изграденост на градежното земјиште. Коефициентот на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна површина се сметаат површините на сите надземни катови изградени од нулта плоча.

Согласно член 50, став 3 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) во вкупната изградена површина, за секоја градежна парцела поединечно, не влегуваат пречекорувања од градежната линија, како и површината на градбата над трем, ако истиот е предвиден со Изменета и дополнувањето на урбанистичкиот план за село.

Во планскиот опфат на предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4 оваа планска одредба се движи до 0,83 за градби со намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, 1,08 за градби со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и до 1,37 за градби со намена Е2 - Комунална супраструктура.

5.12. Сообраќајна инфраструктура

Освен обезбедување на архитектонско-урбанистички параметри за градба, планскиот концепт се потпира и на предвидената квалитетна инфраструктура за динамичкиот и стационарниот сообраќај.

5.12.1 Динамички сообраќај

Со планските решенија на предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село се планира реализација на примарна сообраќајна мрежа согласно стандардите и нормативите пропишани во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Подолу е даден преглед на планираните примарни сообраќајници:

- **Магистрална улица "М 1" (Регионален пат 1102)** е улица од примарна сообраќајна мрежа и согласно Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) истата е планирана како магистрална улица со регулациона широчина од 10.0м. Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село целосно е преземена планираната регулациона широчина, вклучително и заштитниот коридор од 20м, соодветно прикажан во графичките прилози. Од оваа улица не е дозволен пристап во градежните парцели;
- **Сервисни улици "Н 6" и "Н 3"** се улици од примарна сообраќајна мрежа и согласно Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година) истите се планирани како сервисни улица со регулациона широчина од 9.0м односно од 9,5м. Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село целосно е преземена планираната регулациона широчина. Од оваа улица е дозволен пристап во градежните парцели.

5.12.2 Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај - паркирање на моторните возила за градежните парцели со класа на намена Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и Е2 – Комунална супраструктура се предвидува да се реши во склоп на градежната парцела во следна фаза на проектирање.
Согласно точка 9.7 од Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето во Урбанистичкиот план за село Прдејци, општина Гевгелија, дадени преку Извод од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија бр.11-1202/2 од 15.11.2018 година, се предвидува паркирањето првенствено да се реши во сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места како основен услов за изградба на максимално дозволената висина и површина за градба. Минималниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) според следните нормативи:

- Б1 – Мали комерцијални и деловни намени: 1 паркинг место на секои 60м^2 од вкупно изградената површина
- Г2 – лесна и незагадувачка индустрија: потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена.
- Е2 – Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со услужен центар): потребниот број на паркинг места се дефинира со понатамошна разработка со проектна документација.

При изработка на проектната документација за одделните градежни парцели, доколку се користи дозволениот процент на учество на компатибилна класа на намена во површината на основната класа на намена, задолжително да се пресмета минималниот потребен број на паркинг места соодветно на класата на намена која учествува како компатибилна, а во согласност со член 59, на цитираниот Правилник.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село се дозволува реализација на заедничко подземно и надземно паркирање за две или повеќе парцели преку заедничка пристапна комуникација, заради обезбедување на потребниот број на паркинг места, по добиена согласност од сопствениците на градежното земјиште кое е опфатено со предметните градежни парцели.

5.12.3 Нивелмански план

Со предметната Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци - Блок 4, целосно се усвојува нивелманскиот план утврден со важечката планска документација за дадениот плански опфат:

- Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година)

Котата на приземјето на градбите, пристапот и партерното уредување на дворовите ќе се усогласат со нивелетата на улиците и условите на теренот. Во графичките прилози прикажани се апсолутните коти и кординатите на осовинските точки.

5.13. Услови за движење на инвалидизирани лица

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат истите одредби од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

При изградба на нови објекти и содржини во просторот се пременуваат мерките за спечување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на лица со инвалидитет, особено во делот на достапноста до објекти со намена Б, Г и Е.

Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба да се со контируирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмалку 8,33%.

Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистлки план треба џа се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Рампата мора да е за двосмерно движење на лица со колички при што нејзината најмала ширина треба да е 1,65м, а оптимална 1,8м.

Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не треба да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на лица со инвалидски колички.

5.14. Зеленило

Со предметната Измена и дпополна на урбанистичкиот план за село предвидени се 46,63% дворно зеленило и партер во рамки на планскиот опфат со што е задоволен член 20 од Законот за урбано зеленило (СЛ. Весник на РМ бр.11/18), каде е предвидено е да се обезбеди најмалку 20% зеленило. Истото ќе биде обезбедено така што се предвидува слободниот неизграден дел од градежните парцели хортикултурно да се уреди со високо и ниско зеленило и да се затревни. Пристапот до содржините ќе биде со завршна обработка од асфалт, додека пешачките површини предвидено е да се поплочат со павер елементи.

5.15. Водовод и канализација

При изработка на Основните проект за градбите, како и проектите за инфраструктура за комуналната инфраструктура, обврзно да се почитуваат прописите за проектирање и градење, како и техничките стандарди за ваков тип на градба.
Снабдувањето со вода ќе се решава преку постојната и планираната водоводна мрежа.
Одведувањето на фекалните и отпадните води од планираните објекти од локалитетот ќе се врши преку постојната и планираната фекална, како и планираната атмосферска канализација.

За објектите со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, задолжителен е комплетен третман на отпадните води од сопствениот техмолошки процес, а пречистената отпадна вода не смее да биде со понизок квалитет од класата на реципиентот.

Димензионирањето на соодветната водоводна и канализациона инфраструктура прецизно да се доразработи при понатамошната разработка на инфраструктурните инсталации со Основни проекти.

5.16. Електро-дистрибутивна и телефонска инфраструктура

Приклучоците на електро-дистрибутивната мрежа да се изведат во склад со условите кои ќе бидат зададени од надлежното електростопанско претпријатие, а во склад со техничките прописи за ваков вид на инсталација.

Прецизното димензионирање на кабелската разводна инфраструктура како и изборот на соодветен тип на трафостаници, задолжително да се доразработат со Проекти за инфраструктура или Основни проекти за овие инфраструктурните инсталации во склад со насоките на АД ЕВН Македонија.

За сите планирани дислокации, односно промени на водовите од електро-дистрибутивната мрежа, како каблирање и поставување во подземни коридори, на начин прикажан во

графичките прилози, инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за промената на постојната инфраструктура, а во согласност со надлежното претпријатие.

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село предвидени се коридорите на телекомуникациската инфраструктура, но нивна понатамошна разработка, како и приклучување на постојната мрежа ќе биде прецизно разработено со основни проекти во склад со развојните програми на Македонски Телеком АД Скопје.

5.17. Гасоводна инфраструктура

Со предметната Измена и дополнување на урбанистичкиот план за село не се предвидува гасоводна инфраструктура, односно истата во иднина ќе се разработува со проекти за инфраструктура и потоа основни проекти, а во согласност со позитивната законска регулатива.

5.18. Елементи на обликување на градбите во градежните парцели

За сите градби во планскиот опфат да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со добри карактеристики. Дополнително, за сите градби:

- да се применат асеизмички конструктивни системи;
- применетите материјали за бидат издржливи на пожар;
